# Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија



Скопје 2024

**Наслов на публикација**

Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија

**Издавач**

Македонско здружение на млади правници

**Уредник**

Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ

**Лектор**

Весна Костовска

**Ликовно-графичко обликување**

Харис Муриќ

**МЕСТО ЗА ЦИП БРОЈ**

20 ГОДИНИ МЗМП

# Содржина


Листа на кратенки 1

ЗА ИЗВЕШТАЈОТ 2

За користената методологија 3

За правната заштита на човековите права во РСМ 4

ДЕЛ 1: ЧОВЕКОВИ ПРАВА 5

ПРАВО НА ЖИВОТ 6

ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧКО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ 6

(Ре)форми на системот за заштита од тортура и нехуман третман 7

Пријави на лица што се соочиле со тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција 8

Судска практика во предметите на прекумерна употреба на сила од полициски службеници 9

Поведена судска постапка во предметот во кој животот го загуби 24-годишна девојка од Сиера Леоне 9

Позитивна судска практика во однос на давањето предност на лекувањето на слобода наместо во психијатриска установа 10

Нехуман третман во казнено-поправните и воспитно-поправните домови 10

ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА 12

Скандал на Клиниката за онкологија – нема разрешница за препродажбата на терапија за пациенти со канцер на црниот пазар 13

Стратешко постапување на МЗМП во областа на здравствената заштита 13

ПРИСТАП ДО ПРАВДА 14

Надоместок на трошоци за привремен застапник и старател во посебни случаи во постапки каде што е одобрена секундарна правна помош 14

Корисник на секундарна правна помош може да се ослободи од нотарски трошоци и награда само согласно ЗПП 15

Препознавање жртва на насилство што не го пријавила е првиот чекор за спречување можна секундарна виктимизација 15

Непрепознавање родово базирано насилство како квалификаторен облик за одредени кривични дела воведени во Кривичниот законик од институции во, и надвор од системот за бесплатна правна помош 15

Застапување жртви на кривични дела преку адвокат обезбеден од државата 15

Од јули 2023 година не постои Биро за судски вештачења преку кое ќе се реализира вештачење во одобрени предмети за секундарна правна помош 16

ПРАВА НА ДЕЦАТА 16

Повреда на правото на образование и правата поврзани со образованието 17

Не е донесен Законот за средното образование 17

Нема системски одговор за врсничкото насилство 17

Нецелосно почитување на најдобриот интерес за детето 17

ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА 18

Управување со отпад 18

Заштита од аерозагадување 18

Справување со контаминирани подрачја 20

Заштита на водите 20

Институционални капацитети 20

Законодавна активност за заштита на животната средина 21

Судска заштита на животната средина 21

ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ 23

ПРАВО НА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА 24

Оневозможен пристап до пазарот на трудот за барателите на азил 25
Пречки при остварување на правото на државјанство 25
Регулирање престој за лица под меѓународна заштита согласно Законот за странци 26
Права на странци и мигранти 26
ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА 27
Масовна злоупотреба на личните податоци на граѓаните 27
Злоупотребата на личните податоци за земање брзи кредити во пораст 28
Правната заштита на личните податоци сè уште не ги достигнува европските стандарди 28
Отсуствува целосна финансиска автономност на АЗЛП 28
ПРИСТАП ДО ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРАВА НА ДЕЦА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА 29
Случај бр. 1: В. С. против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа и Министерство за труд и социјална политика 29
Неефикасно остварување права од социјална заштита 29
Случај бр. 2: Предизвици на С. П. за остварување на правото на посебен додаток поради немање навремени термини за преглед/контрола од стручна комисија 32
Случај бр. 3: В. С. против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен 34
Неефикасно уживање на правото на гарантирана минимална помош 34
ДЕЛ 2: УСТАВЕН СУД И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 36
УСТАВЕН СУД 37
Работа на Уставниот суд во 2023 година 37
Оценување на уставноста и законитоста 37
Студии на случај 37
Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот 42
ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 44
ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 48

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| АЗЛП | Агенција за заштита на личните податоци |
| БПП | Бесплатна правна помош |
| ВУС на РСМ | Виш управен суд на Република Северна Македонија |
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЗБПП | Закон за бесплатна правна помош |
| КЗ | Кривичен законик |
| КОВИД-19 | Коронавирус 2019 |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| МОН | МОН – Министерство за образование и наука |
| ОЈО | ОЈО – Основно јавно обвинителство |
| РСМ | РСМ – Република Северна Македонија |

# ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Целта на Деветтиот Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија (Извештајот) на Македонското здружение на млади правници (МЗМП)[1] е објективно да ги презентира и да ги документира повредите на човековите права идентификувани во 2023 година од страна на здружението. Овој документ се фокусира на правната заштита.

Првиот дел од Извештајот содржи опис на повредите на човековите права што се документирани од страна на тимот на МЗМП. Извештајот ги анализира документираните повреди на човековите права, и тоа во следниве области: права поврзани со животот, телото и личноста, заштитата од тортура, нечовечко и понижувачко однесување, пристапот до правда и бесплатната правна помош, права на децата, заштитата на личните податоци и приватноста, правото на здрава животна средина, правото на социјална заштита, правото на здравствена заштита, права од социјална заштита и права на деца на лица со попреченост и неспособност за работа, правото на државјанство и правен идентитет, правото на азил и интеграција на бегалците, правата на странците и мигрантите. Вториот дел ја анализира работата на Уставниот суд и дел од одлуките на судот во 2023 година, пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2023 година што се однесуваат на РСМ, а во кои се утврдува повреда на правата заштитени со Европската конвенција за човекови права, како и извршувањето на пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права.

1 Лорем Ипсум

# ЗА КОРИСТЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА

При изработката на овој Извештај, тимот на МЗМП користеше комбиниран аналитичко-синтетички пристап во однос на прибирањето на податоците, нивното документирање и анализа.

Целта на Извештајот е да ги постигне следниве истражувачки цели:

1. Да ги опише повредите на човековите слободи и права што се идентификувани од страна на здружението и
2. Да ја прикаже ефикасноста на постојните правни средства и механизми, пред сè, судската заштита во обезбедувањето заштита на граѓаните кога се повредени нивните слободи и права.

Податоците што се однесуваат на идентификуваните повреди на човековите права се прибрани преку следниве извори на податоци:

1. Документирани пријави и прибрани/прибавени информации од граѓани што се обратиле до МЗМП;
2. Постапки поведени и поддржани од МЗМП;
3. Документирани правни совети обезбедени од страна на адвокатите соработници и увид во списите од предметите поведени во рамките на проектите што ги спроведува МЗМП;
4. Следење и увид во објави на медиумите што се однесуваат на случаи на повреда на човековите права;
5. Следење релевантни меѓународни и национални извештаи што се однесуваат на заштитата на човековите права во РСМ, изработени од страна на домашни или странски организации или институции;
6. Увид во одлуките на Уставниот суд и пресудите донесени од ЕСЧП.

Ефикасноста на правните средства се анализира преку следење податоци за работата на институциите што се надлежни за заштитата на човековите права, правна анализа на нивните одлуки, како и преку користење на методот „студија на случај“. Овој метод овозможува преку анализа на конкретен случај, за кој е обезбедена правна помош во рамките на активностите на МЗМП, да се утврди ефективноста на правните средства во практиката. При селекцијата на случаи што се анализираат, користени се следниве критериуми: да бидат засегнати поголем број граѓани со проблемот и да постојат индиции или факти и докази што укажуваат на повреда на право. Со овој метод, фокусот се става на следниве елементи од случаите: 1. Контекстот, односно окружувањето во кое настанал случајот; 2. Фактичката состојба; 3. Релевантните и важечки прописи што го уредуваат прашањето; 4. Расположливите правни средства во поединечната ситуација, нивната правна уреденост и искуствата од поведените постапки; и 5. Правни прашања што ги отвора случајот и постапувањето на судовите.

Временскиот период опфатен со Извештајот е од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година.

# ЗА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РСМ

Човековите права претставуваат основни права и слободи што му припаѓаат на секое лице во светот еднакво, од раѓањето, без оглед на тоа од каде доаѓа едно лице, во што верува или како избира да го живее својот живот. Тие не може да бидат ограничувани бидејќи се темелат врз заеднички вредности, како што се достоинство, непристрасност, правичност, еднаквост, почит и независност. Овие права се гарантирани со многубројни национални и меѓународни инструменти.

Основните права и слободи, како и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на РСМ. Како највисок правен акт на државата, Уставот дефинира листа на слободи и права[2], а со ратификуваните меѓународни договори[3], како дел од внатрешниот правен поредок, се дава можност за вклучување дополнителни слободи и права што не се предвидени во Уставот.

Заштитата на слободите и правата се остварува преку гаранциите на основните слободи и права[4]. Основната гаранција што ја предвидува Уставот е можноста за заштита пред судовите и Уставниот суд на РСМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Останатите гаранции за заштитата на човековите права што ги предвидува Уставот вклучуваат и судска заштита на законитоста на поединечните акти и активно запознавање на граѓаните со нив. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува по пат на почитување на принципот на владеење на правото (уставност, законитост, јавно објавување на законите, период vacatio legis, забрана за ретроактивно дејство на прописите, како и независна и самостојна адвокатура). Ограничувањето на слободите и правата е единствено дозволено во случаи утврдени со Уставот или за време на воена и вонредна состојба на начин утврден со Уставот.

2 Член 118, Устав на РСМ.

3 Членови 50-54, Устав на РСМ.

4 Членови 50-54, Устав на РСМ.

# ДЕЛ 1: ЧОВЕКОВИ ПРАВА



# ПРАВО НА ЖИВОТ

## Измени на Кривичниот законик и кривични дела сторени при вршење семејно насилство

Во март 2023 година, во сила влегоа измените на Кривичниот законик, со кои за кривичното дело – Убиство, како квалификаторен облик, се воведе лишувањето од живот жена или девојче до 18-годишна возраст при вршење родово базирано насилство. Покрај тоа, најголем дел од измените и дополнувањата се во однос на одредбите со кои се спроведува Истанбулската конвенција. Се дефинира родово базираното насилство врз жените, се пропишуваат квалификаторни облици на основните кривични дела доколку тие се извршени или се последица на родово базирано насилство, се воведува ново кривично дело – Осакатување женски полови органи, кривично дело – Демнење, како и пропишување единствено кривично дело – Полов напад и силување, согласно одредбите на Истанбулската конвенција. Со цел усогласување со меѓународните стандарди, интервенирано е во кривичните дела – Полов однос со немоќно лице и Полов напад врз дете што нема навршено 15-годишна возраст. Постои и ново кривично дело – Полово вознемирување.

За разлика од 2022 година, кога во периодот од јануари до декември биле извршени 1 117 кривични дела при вршење семејно насилство, во 2023 година, согласно статистичките податоци објавени на страницата на МВР за временскиот период од јануари заклучно со денот на пишување на овој Извештај, на територија на РСМ се извршени 891 кривично дело за време на вршење семејно насилство. Согласно статистичките податоци на МВР, во текот на 2023 година се извршени 4 фемициди во Кочани[5], Куманово[6], Скопје[7] и во кочанското село Бали[8].

## ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧКО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ

Забраната за тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување е апсолутна. Таа е императивна норма предвидена во членот 3 од Европската конвенција за човекови права, како и во многу други договори, и истовремено претставува и jus cogens норма што е обврзувачка за сите држави. Ваквиот карактер на забраната наметнува позитивна обврска за преземање соодветни мерки за превенција од појава на какви било дејства на тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Станува збор за право од апсолутна природа за кое е потребно да го гарантира државата и да спроведе ефективни мерки за заштита од тортура и нехуман или понижувачки третман на кое било лице. Оттука, треба да се нагласи дека не мора да постојат секогаш дејства за да станува збор за нехуман третман, а пасивноста на државата во многу случаи може да значи повреда на членот 3, на пример, доколку државата не спроведе соодветна истрага и казнување на сторителите, доколку не презела напори за подобрување на лошите и нехумани услови во затворите, системот на здравствена заштита, воспоставување безбедна средина во затворите, а тоа се оценува од страна на судот во Стразбур за секој случај поединечно, а го повредува достоинството на човекот до степен на нехуман и нечовечки однос.

5 Lorem Ipsum
6 Lorem Ipsum
7 Lorem Ipsum
8 Lorem Ipsum

## (Ре)форми на системот за заштита од тортура и нехуман третман

И покрај тоа што реформата на пенитенцијарниот систем започна уште во 2019 година и беа направени значителни законски измени[9], сепак практиката покажува дека сè уште постојат голем број слабости, кои се и системски.

Во однос на институционалните капацитети, бројот на истражители во рамките на Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција[10] сè уште е мал, што влијае врз ефективноста на работата на самите предмети. Посебниот механизам за граѓанска контрола на работата на полицијата[11] е конечно целосен, со вклученост на граѓанските организации. Од страна на Собранието, на 8 ноември 2023 година се избрани претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права и МЗМП со цел да бидат дел од механизмот, а подоцна е избран и претставник од Еуротинк. Одржани се и состаноци за разгледување и усвојување на методологијата за работа на механизмот, но механизмот сè уште не се состанал во полн состав.

Кога станува збор за внатрешните механизми за пријавување тортура и нехуман третман, и покрај обврската на казнено-поправните установи, воспитно-поправните установи или Управата за извршување на санкциите, по добиеното сознание за постоење основи за сомневање дека припадник на затворската полиција сторил кривично дело при преземање службено дејство или надвор од службата, потребно е без одлагање да биде известено Одделението за истражување и гонење на кривични дела, но тоа досега не е направено[12].

Една од целите на реформите во пенитенцијарниот систем беше и враќањето на довербата на граѓаните/осудените лица во системот за гонење и казнување на службените лица што примениле прекумерна сила. И покрај законските измени, внатрешниот и надворешен механизам на пријавување тортура и нехуман третман сè уште е неефикасен.

Една од причините е и недоволната соработка на институциите со цел елиминација на тортурата и нехуманиот третман, првенствено помеѓу Управата за извршување на санкциите и директорите на казнено-поправните установи. Во неколку предмети што ги водеше МЗМП беше нотирано дека, и покрај пријавите од страна на осудените лица за насилство и прекумерна употреба на сила во казнено-поправните установи, за тоа не била информирана УИС, иако казнено-поправната установа има законска обврска за тоа.

Истото тоа е нотирано и во Извештајот на ЕУ за земјата за 2022 година, односно дека во еден пријавен случај била констатирана употреба на физичка сила во затворот Идризово, но затворот не доставил пријава до Управата за извршување на санкциите.[13] Дополнително, недостигот на функционален видеонадзор и непочитувањето на законските обврски на казнено-поправната установа за обезбедување на снимките од настани што вклучуваат прекумерна примена на сила од страна на затворска полиција дополнително ја отежнуваат истрагата на органите за прогон. Оттука следува дека осудените лица не се охрабруваат да пријават случаи на тортура и нехуман третман поради тоа што немаат доверба во тоа дека институциите ќе спроведат ефективна истрага во врска со нивните пријави и за тоа ќе добијат само дисциплинска мерка – Самица.

9 Закон за народниот правобранител, Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Закон за јавното обвинителство, Закон за судовите.

10 Член 14, Закон за јавното обвинителство, објавен во „Службен весник“ број 42/20 од 16.2.2020 година.

11 Закон за народниот правобранител, објавен во „Службен весник“ број 60/03,114/09, 181/16, 189/16 и 35/18.

12 Закон за извршување на санкциите, објавен во „Службен весник“ број 99/2019 на 21.5.2019 година.

13 North Macedonia Report 2022, page https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

Проблемите се многубројни, а капацитетите на институциите се исти. Нотирањата на релевантните институции, особено во врска со условите во затворите, се алармантни и секоја година се драматично нехумани. Потребно е да се преземат сериозни чекори за подобрување, во спротивен случај, желбите за подобрување наведени во Стратегијата за реформи во пенитенцијарниот систем ќе станат невозможни.

## Пријави на лица што се соочиле со тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција

Во периодот од 1.1.2023 до 31.12.2023 година[14], Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапил по 62 поднесоци, во кои е наведено дека од страна на полициски службеници е употребена физичка сила врз граѓани. Притоа, утврдено е дека 21 од поднесоците се неосновани, односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила, во 35 случаи, поради немање докази, не може да се утврдат наводите во претставката за употребена физичка сила и 6 поднесоци се основани. За нив нема информации дали е поведена кривична постапка или само дисциплинска постапка против сторителите.

Народниот правобранител постапува по предметите за тортура и нехуман третман преку воспоставениот надворешен контролен механизам. И покрај доставеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во врска со предмети по кои постапувале, на тоа не беше одговорено.

До Управата за извршување на санкциите веќе три години не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице.

Во судска постапка се донесени 11 правосилни пресуди за делото – Малтретирање во вршење на службата и една правосилна за делото – Мачење и друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување и казнување.

| Основ - Кривично Дело | ПРИМЕНИ (2021-2023) | | РЕШЕНИ (2021-2023) | | АКТИВНИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРЕДМЕТИ | ЛИЦА | ПРЕДМЕТИ | ЛИЦА | ПРЕДМЕТИ | ЛИЦА |
| Малтретирање во вршење на службата – чл. 143 од КЗ | 23 | 37 | 12 (УСЛОВНА ОСУДА) | 19 | 6 | 10 |
| Мачење и друго сурово, нечовечко и понижувчко постапување и казнување – чл. 142 од КЗ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО[15] | 23 | 37 | 12 | 19 | 6 | 10 |

14 Извештај на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за 2023, достапен на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/годишен%20извештај%202023%20односи%20со%20јавност.pdf.

15 Податоци добиени по слободен пристап до информации од јавен карактер од Кривичниот суд Скопје за периодот од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година.

## Заклучоци

Со тоа, ситуацијата е слична како и изминатите години. Најголем дел од претставките за тортура и нехуман третман, кои се поднесени до Одделот за внатрешна контрола од граѓани, се отфрлени поради немање доволно докази. Нема пријава од страна на некоја казнено-поправна установа или од Управата за извршување на санкциите за сторено кривично дело и несразмерна примена на сила од страна на припадник на затворска полиција кон осудено лице. Сепак, од судските предмети произлегува дека, сепак, се иницираат и се водат предмети на иницијатива на странките. Тоа покажува дека, и покрај зголемениот број предмети за кривичното дело – Малтретирање во вршење на службата, сè уште постојат системските недостатоци во врска со пријавувањето на тортурата и полициската бруталност.

## Судска практика во предметите на прекумерна употреба на сила од полициски службеници

Предметот за полициска бруталност врз ромите во Битола, по двегодишна постапка, заврши со условна осуда. Настанот се случил во октомври 2020 година. Предметот се појави на социјалните мрежи.[16] Во 2021 година беше донесена пресуда од страна на Основниот кривичен суд, со која обвинетиот полициски службеник беше осуден на казна затвор во времетраење од една година. Во врска со настанот, Судот наведува дека полицискиот службеник го малтретирал оштетениот Н. Ј. и спрема него постапил на начин на кој се понижуваат човечкото достоинство и човечката личност, со што целосно е исполнето законското битие на кривичното дело што на обвинетиот му се става на товар со обвинителниот предлог. По поднесена жалба, пресудата е укината од страна на Апелациониот суд Скопје. На 30 мај 2022 година, по повторно судење, Кривичниот суд Скопје донесе идентична одлука.

Во мај 2023 година, по втор пат, Апелациониот суд одлучи да ја преиначи пресудата во делот на санкцијата со тоа што се изрекува алтернативна мерка – Условна осуда. Таа се прифаќа како утврдена и се предвидува дека нема да се изврши доколку обвинетиот во периодот од 3 години не стори ново кривично дело. Со тоа, полицискиот службеник бил казнат само парично, со кратење 15 % од плата во времетраење од 3 месеци поради непостапување согласно работните задачи и кодексот на полициската етика.

## Поведена судска постапка во предметот во кој животот го загуби 24-годишна девојка од Сиера Леоне

Позитивно е тоа што државата во разумен временски период спроведе истрага и поднесе обвинителен акт против полициски инспектор за сторено кривично дело – Тешки дела против општата сигурност од чл. 292 ст. 2 в.в. чл. 288 ст. 3 в.в. ст. 1 од Кривичниот законик. Настанот што се случил во близина на Гевгелија во април 2023 година, кога во немил настан животот го загуби 24-годишна мигрантка од Сиера Леоне. Утврдено е дека полицискиот службеник не постапил согласно своите обврски и задолженија, и во обид да ги задржи мигрантите, се приближил до групата и во борба со некој од мигрантите, испукал истрел. Испуканиот истрел ја погодил Фатмата Камара од Сиера Леоне, која седела на задното седиште во возилото, нанесувајќи ѝ повреда во задниот дел на десното рамо, па како резултат на здобиените повреди, таа починала откако била пренесена во ЈЗУ „Општа болница" – Гевгелија. Предметот е во судска постапка, а нејзиниот сопруг се јавува како оштетен.

16 Видеоснимката е објавена на Јутјуб од корисник со назив „Dosie Mk".

## Заклучок

Досегашна судска практика е изрекување условна осуда за полициски службеници дури кога е утврдена употреба на прекумерна сила при пречекорувањето на полициските овластувања и кога за тоа постојат силни докази, како што е видеоснимка. Се поставува прашањето дали со условната осуда и дисциплинската казна, како парична казна, ќе се постигне специјалната и генералната цел на казнувањето во овие предмети.

Во 2023 година нема ниту еден предмет (од вкупно 12) за кривичното дело – Малтретирање во вршење на службата (член 143 од КЗ), за кое е изречена казна затвор. Сите 12 пресуди против 19 лица завршиле со условна осуда.

## Позитивна судска практика во однос на давањето предност на лекувањето на слобода наместо во психијатриска установа

Од големо значење се двете одлуки на Кривичниот суд, со што се воспоставува практика на одлучување, која е поинаква од изминатиот период. Согласно двете пресуди, се уважува предлогот на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје за замена на мерката – Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа со мерката – Задолжително психијатриско лекување на слобода спрема две лица за кои има мислење и докази од лекарите во установата дека може да се лекуваат на слобода. Со ваквите одлуки, практиката на одлучување е веќе подигната на едно повисоко ниво во согласност со одлуките на Европскиот суд за човекови права, во кои се дава примат на слободата на поединецот во смисла на побрзо и поефикасно ресоцијализирање на лицата во средината, притоа истовремено имајќи го предвид и јавниот интерес.

Во 2023 година, по предлог на Европскиот суд за човекови права, МЗМП се согласи на спогодбено решавање случај што се однесуваше на повреда на правото на слобода и безбедност поради непочитување мислење на лекар од установата во врска со замена на мерката – Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа со мерката – Задолжително психијатриско лекување на слобода. Поради променетата практика на Судот во овој дел, МЗМП во договор со странката одлучи да ја прифати предлог-спогодбата и да се затвори предметот.

## Нехуман третман во казнено-поправните и воспитно-поправните домови

Во пенитенцијарниот систем, и натаму како проблеми остануваат лошите материјални услови во најголемиот затвор Идризово, и тоа: недостиг на здравствена заштита, недостиг на медицински персонал за работа, корупција, поставување нестручни кадри на раководни позиции и директори на установи, како и недоволно ефикасни внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување со осудените лица.

Од страна на меѓународните организации, материјалните услови се оценети како нехумани и деградирачки за осудените лица, особено во Идризово. Од страна на Европската Унија, во последниот Извештај за земјата[18], материјалните услови се оценети како драматични. Истото тоа е нотирано и постојано се повторува во извештаите на Омбудсманот, како и во извештаите за мониторинг на условите во КПУ, изготвени од МКЧП и од МЗМП. Јасно е дека, и покрај напорите за

17 Application no. 55849/20 Cvetkoski v. North Macedonia, received on 25/10/2023.

18 North Macedonia Report 2022, page https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

подобрување на материјалните услови, сепак, пенитенцијарниот систем и натаму се соочува со структурални проблеми и недостатоци што се провлекуваат. Повторно земјата се повикува да размисли за воведување системски решенија што треба да бидат донесени со најголема итност. Пренатрупаноста, недостигот на индивидуален простор, недоволниот број кревети за спиење, влагата, лошите санитарни и хигиенски услови се фактори што укажуваат на повреда на членот 3 од Конвенцијата. Во многу случаи, Судот утврдил прекршување на членот 3 од Конвенцијата, каде што затворениците немале свое место за спиење и морало да спијат наизменично.[19] И покрај тоа што повредата на членот 3 од Конвенцијата зависи од секој индивидуален случај, таа е поверојатна и поради неефективноста на правните лекови што ги имаат на располагање осудените лица во врска со подобрувањето на условите, со оглед на тоа што станува збор за системски долгорочни проблеми што се поврзани со капитални инвестиции, а, од друга страна, затворите се соочуваат со намалување и на постојниот буџет. Единствено што може да добијат осудените лица во врска со подобрувањето на условите во Идризово е преместување во друга казнено-поправна установа, и тоа, само доколку ги исполнуваат законските услови.

Затворскиот систем се соочува со сериозни проблеми во врска со обезбедувањето здравствена заштита на осудените лица. Загрижувачки е нискиот број здравствен персонал што се ангажира во затворите, како и квалитетот на здравствената заштита на зависниците од дрога. Конвенцијата ѝ наложува обврска на државата да го заштити животот на осудените лица, а тоа е тесно поврзано со обезбедувањето навремена и соодветна здравствена заштита.[20] Моментално, обврската за обезбедување здравствена заштита во затворите е на Министерството за здравство преку јавните здравствени установи, но генералната забелешка е дека таа е недостапна, ненавремена и недостига соодветна терапија за потешко болните лица и за лицата што се на метадонска терапија. Зајакнување на обезбедувањето на здравствената заштита на осудените лица, вклучително и заштита на менталното здравје се предвидени како посебна стратешка цел во стратегијата што вклучува и формирање посебно централизирано одделение во рамките на Институтот за јавно здравје на РСМ, кој е надлежен за координирање на активностите за подрачните единици на ИЈЗ. Доколку во наредниот период не ѝ се даде приоритет и не се зајакне здравствената заштита, и доколку државата итно не преземе разумни мерки, во многу случаи државата нема да може да ја исполни својата позитивна обврска и да се грижи за здравјето на осудените лица. Дополнително, загрижува фактот што во Идризово се сместени голем број лица со акутни ментални нарушувања за кои затворот не може да обезбеди адекватна терапија и тие мора да се преместат во соодветна здравствена установа. Ова е и една од мерките во стратешката цел што се однесува на подобрувањето на здравствениот систем, но поради недоволен капацитет на установите, недостиг на соработка помеѓу надлежните институции, како и правни празнини во постапката за преместување на овие лица, таа уште долго време нема да може да се оствари. Повредата на членот 3 во однос на здравствената заштита може да се избегне само доколку се исполнат некои од планираните мерки преку кои ќе се воведе навремена и соодветна здравствена заштита за секое осудено лице, а тоа ќе вклучува редовен и систематски надзор, како и сеопфатна терапевтска стратегија насочена кон адекватен третман на здравствените проблеми на осуденото лице со цел да го спречи нивното влошување, наместо да ги решава на симптоматска основа.[21]

**19** Анањев и другите против Русија, 2012 година.

**20** Jasinskis v. Latvia, 2010, § 60; Hilmioğlu v. Turkey (dec.), 2020, § 70.

**21** Амиров против Русија, 2014 година, § 93.

Според Конвенцијата, државата е должна да преземе мерки за воспоставување ред и безбедност во казнено-поправните установи со цел да ги заштити осудените лица од актите на заплашување и насилство од други затвореници. Исто така, државата има должност адекватно да одговори на секое аргументирано тврдење за такво малтретирање преку спроведување ефикасна истрага и, доколку е соодветно, кривична постапка. Веќе подолго време безбедноста во затворот Идризово е намалена и поради тоа е зголемен и ризикот на насилство помеѓу осудените лица.

Недостигаат информации во врска со евентуална истрага и одговорност на некои инволвирани лица во однос на пронајдени остри предмети, дрога, таблети, ножеви итн., кои беа пронајдени за време на претресите.[22] Исто така, недостигаат и информации во однос на запалените автомобили на вработени во казнено-поправната установа Идризово, а сопственикот на возилото бил повреден во обид да го изгасне пожарот[23].

На 28 октомври 2023 година, полициските службеници од Бирото за јавна безбедност во координација со канцеларијата за јавно обвинителство, по претходно добиените оперативни информации и наредба за пребарување од Основниот кривичен суд Скопје, извршиле претрес во затворот Идризово во полуотвореното одделението, при што се пронајдени 63 мобилни телефони, 82 ножеви, 4 шила, 71 полнач за телефон и дрога. Според Народниот правобранител, полициската акција се одвивала под видеонадзор, кој бил во слепа точка. За време на посетата во Идризово, неколкумина осуденици известија дека се повредени и опишале дека претресите се извршени на нехуман начин и недостоинствено однесување со нив од страна на полицијата. Доставени се барања до Одделот за внатрешна контрола во МВР и до Управата за извршување на санкциите во врска со пријавите на осудени лица. Сè уште нема одговори на барањата.

**И ставот на Судот во Стразбур во врска со ова прашање е јасен, а тоа е дека државата има позитивна обврска и должност, која произлегува од членот 3 од ЕКЧП, да ја заштити физичката благосостојба на осудените лица што се во ранлива положба поради тоа што се под целосна контрола на властите. И за таа цел државата мора да преземе навремени и ефективни мерки за истрага и казнување на одговорните лица.**

# ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Пациенти со ретки и малигни болести имаат отежнат пристап до болничка терапија

Во текот на 2023 година повторно се провлекува долгогодишниот проблем со отежнат и неконтинуиран пристап до болничка терапија за пациенти со ретки и малигни болести. Државата нема одговор и нема трајно системско решение за предизвиците при обезбедувањето континуитет во лекувањето. Во 2023 година, со правната помош на пациенти и семејства на пациенти со ретки и малигни болести преку проектот „Правна Аптека“, МЗМП забележа дека не постои континуитет при обезбедувањето болничка терапија на Клиниката за онкологија за лекување: рак на дојка (недостатоци од Херцептин, Капацитабин, Фезго и Фамер); рак на црн дроб (недостиг на Сандостатин, Сорафениб, Фенбендазол и Тудка); рак на дебело црево (недостиг на Цетуксимаб и

22 https://24.mk/details/pretresi-vo-kjelii-vo-zatvorot-idrizovo-droga-mobilni-telefoni-oruzhje
23 https://www.mkd.mk/makedonija/razno/pozhar-vo-zatovorot-vo-idrizovo

Таксол, Авастин); рак на простата (недостиг од Декапептил), рак на бели дробови (недостиг на Ксарелто); како и недостиг на Елтромбопаг за лекување хронична тромбоцитопенија на Клиниката за детски болести и недостиг на Леналидомид за лекување мултипен милеом на Клиниката за хематологија (во многу краток период). Забележано е и отсуство на терапија за ретките болести Еозинофилен езофагитис (ЕоЕ) (имунолошка ретка болест) на Клиниката за гастроентерохепатологија и за ретката невролошка Ханингтонова болест. Во однос на другите поврзани проблеми, се забележува неизедначеност на постапката за рефундирање средства за лекови што пациентите ги набавиле приватно, дома или странство, а поради нивен недостиг во болниците.

## Скандал на Клиниката за онкологија – нема разрешница за препродажба на терапија за пациенти со канцер на црниот пазар

Во 2023 година, во јавноста излегоа наводи за злоупотреба на лекови за болни од рак на Клиниката за онкологија, при што се крадела од пациентите, тие добивале физиолошки раствор, а терапијата завршувала на црниот пазар.[24] По наводите во јавноста, ОЈО Скопје соопшти дека презема дејства за испитување на основите за сомнение за сторени кривични дела против здравјето на луѓето и проневера во службата на Клиниката за радиотерапија и онкологија.[25] Дополнително, во Собранието на РСМ се оформи работно тело Анкетна комисија за скандалот во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија.[26] Работата на телото се однесуваше на утврдување за тоа дали има политичка одговорност на функционерите во владата, кој е одговорен за случувањата на клиниката и дали на пациентите им биле загрозени човековите права. На 27 ноември 2023 година, на седница на Анкетната комисија, претседателката на Комисијата претстави заклучоците од работата, според кои се утврдува политичка одговорност кај поранешниот министер за здравство, поранешните медицински директор и економски директор на Клиниката за онкологија, поранешната директорка на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и кај поранешните директори на Фондот за здравствено осигурување.[27] До крајот на 2023 година, јавноста нема добиено разрешница за скандалот.

## Стратешко постапување на МЗМП во областа на здравствената заштита

Поведени се две стратешки постапки со цел утврдување постоење на кривичните дела – Несовесно лекување болни, како и Тешки дела против здравјето на луѓето.

Во една постапка е поднесена кривична пријава против ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, бидејќи во периодот од 10.5.2021 до 29.5.2021 година, за време на болничкото лекување на оштетениот, применет е неподобен начин на лекување со несоодветни хигиенски мерки што довеле до сериозно влошување на здравствената состојба. Противправните дејства се претпоставка за извршување на кривичните дела – Несовесно лекување болни согласно членот 207 став 1 и 2 в.в. членот 45 од Кривичниот законик и Тешки дела против здравјето на луѓето согласно членот 217 став 1 од Кривичниот законик. Поради нарушена здравствена состојба, оштетениот бил примен да се лекува во Општата болница во Кавадарци, но поради сериозноста на здравствената состојба, по 4 дена итно бил префрлен на болничко лекување во ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје. Поради влошување на здравствената

24 Slobodnaevropa.mk, „Крвави" траги пред Владата и Обвинителството, се бараат оставки за случајот „Онкологија", од 4септември 2023 година, достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/krvavi-tragi-pred-vlada-i-obvinitelstvo-se-baraat-ostavki-za-sluchajot-onkologija-/32578250.html.

25 Јавно обвинителство на РСМ, Соопштение, 23.9.2023 година, достапно на: https://jorm.gov.mk/soopshtenie-125/.

26 Собрание на РСМ, Работно тело: Анкетна комисија за скандалот во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, достапно на: https://www.sobranie.mk/detali-na-komisija.nspx?param=e532b8c7-c65b-4246-816c-c77c587d1e98.

27 sdk.mk, МИЗРАХИ ПРЕЗЕНТИРАШЕ ЗАКЛУЧОЦИ НА АНКЕТНАТА КОМИСИЈА ЗА ОНКОЛОГИЈА, ЧЛЕНОВИТЕ ОД СДСМ ВЕЛАТ ДЕКА ТОА СЕ САМО НЕЈЗИНИ ЗАКЛУЧОЦИ, 27.11.2023, достапно на: https://sdk.mk/index.php/makedonija/anketna-ta-komisija-za-onkologija-utvrdi-odgovornost-kaj-filipche-i-poraneshni-direktori-na-klinikata-i-fondot-za-zdravstvo-chlenovite-od-sdsm-pobaraa-ostavka-od-pretsedatelkata-mizrahi/.

состојба, потоа бил преместен во приватна болница во Скопје на натамошното лекување. Од Општата болница во Кавадарци бил отпуштен со 20 % зафатеност на белите дробови како резултат на вирусот КОВИД-19, а додека се лекувал на ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје, оштетеноста на белите дробови достигнала 95 % зафатеност, што било констатирано при прием во приватната болница во Скопје.

---

Поведена е постапка и поднесена е кривична пријава против гинеколошка ординација во Скопје. Во конкретниот случај, пријавениот, кој бил во својство на матичен гинеколог на оштетената, при укажување лекарска помош – гинеколошки прегледи и лекување неплодност, постапил несовесно, односно спротивно на правилата на медицинската струка и не постапил со должно внимание кога, и покрај извршените прегледи на оштетената, пропуштил да утврди неспорно видливи индикации за голем тумор (миом) на матката, со што предизвикал влошување на здравствената состојба на оштетената.

# ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) во октомври 2023 година навлезе во петтата година од неговата примена. Иако Законот концептуално го подобри севкупниот пристап до правда на најсиромашните и маргинализираните групи и лица во државата, сепак во системот постојат значителни предизвици и проблеми од различна природа. Особено во 2023 година се истакнаа следниве проблеми, кои се испреплетени меѓу ЗБПП и низа други закони и институции во, и надвор од системот за БПП:

## Надоместок на трошоци за привремен застапник и старател во посебни случаи во постапки каде што е одобрена секундарна правна помош

Во практиката постојат случаи во кои корисник на секундарна правна помош може да се соочи со обврската да ги покрие трошоците за привремен застапник или старател за посебни случаи на спротивната страна во спорот. Членот 13 од ЗБПП регулира покривање и други трошоци на постапката, но останува недоречен при дефинирањето на тоа кои се другите трошоци и како ќе се надоместат. Во практиката, постапувањето е различно, бидејќи се назначуваат и вработени во центрите за социјална работа за да не се создаваат трошоци, како и ситуации во кои се поставуваат старатели за посебни работи. Законот за парничната постапка (ЗПП), пак, од своја страна, нема прецизна одредба за видот на овие трошоци, но предвидува дека странката што ќе ја загуби парницата е должна на спротивната странка да ѝ ги надомести трошоците. Исто така, во практиката, тужителите се задолжуваат да ги авансираат овие трошоци, но доколку успеат во постапката, трошоците паѓаат на товар на тужениот. ЗПП содржи и одредби за ослободување од плаќање трошоци за постапка на онаа странка што не е во можност да ги плати трошоците, без да биде тоа на штета на сопствената издршка и издршката на своето семејство. Овие трошоци, според закон, паѓаат на товар на судскиот буџет, но освен ослободување од судски такси, другиот дел од одредбата за други трошоци никогаш не е заживеана.

## Корисник на секундарна правна помош може да се ослободи од нотарски трошоци и награда само согласно ЗПП

Според ЗБПП, секундарна правна помош ќе се одобри во постапка за расправање оставина пред надлежен нотар под определени услови. Според ЗБПП, корисникот се ослободува од трошоци за адвокат, судски такси и трошоци и административни такси. Според Законот за нотаријат, за нотарската работа, нотарот има право на нотарска награда и трошоци, а може да бара исплата на награда во соодветен аванс. Законот воведува и можност за странката да побара да биде ослободена од трошоците ако ги исполнува условите според ЗПП, па на овој начин, Комората на нотари му ги надоместува трошоците на нотарот што постапувал. Но, во практиката сè уште нема изедначување при ослободување од овие трошоци, особено од аспект на ЗБПП, каде што не е прецизно наведено ослободувањето од овие трошоци. Најзначајни, а поврзано со потребата од секундарна правна помош, се и други постапки што се во надлежност на нотарите, како што се постапки во кои се склучуваат договори и во кои е задолжително учество на адвокат, како и во предмети по платни налози, а не се препознаени во ЗБПП.

## Препознавање жртва на насилство што не го пријавила е првиот чекор за спречување можна секундарна виктимизација

Според ЗБПП, секундарна правна помош ќе им се одобри на регистрирани жртви на семејно насилство во евиденцијата на надлежен центар за социјална работа, но единствено во постапки за изрекување времени мерки за заштита од семејно насилство. Од друга страна, практиката покажува дека главните институции, кои се надвор од системот за БПП, не се целосно запознаени со надлежностите и одговорностите што ги имаат според Законот за спречување и заштита од семејно насилство. Особено важно е давателите на правна помош да знаат да препознаат жртва на насилство, која можеби не се јавила да пријави насилство, како и постојано унапредување на заложбите за спречување секундарна виктимизација, што во моменталните услови сè уште постои и е особено обесхрабрувачко и разочарувачко за жртвите.

## Непрепознавање родово базирано насилство како квалификаторен облик за одредени кривични дела воведени во Кривичниот законик од институции во, и надвор од системот за бесплатна правна помош

Родово базираното насилство, кое е опфатено со Законот за спречување и заштита од семејно насилство, добива квалификаторен облик за одредени кривични дела воведени во Кривичниот законик согласно Истанбулската конвенција. За вакви дела, како и за демнење и полово вознемирување, кои се водат како посебни кривични дела, сè уште нема воспоставена практика за тоа дали ќе влезат во опсегот на Законот за бесплатна правна помош. Најголемите причини за оваа невоспоставена практика се најчесто поврзани со нивното непрепознавање од страна на институциите во, и надвор од системот за бесплатна правна помош.

## Застапување жртви на кривични дела преку адвокат обезбеден од државата

Законот за бесплатна правна помош во членот 38 ја исклучува одбраната и застапувањето во кривична постапка. Од друга страна, со членот 49 од ЗБПП во примена се остава членот 8 од ЗБПП од 2009 година во делот на заштита на жртви од казниви дела и заштита на жртви од трговија со луѓе.

Членот 8 од стариот, сега веќе неважечки, ЗБПП предвидува бесплатна правна помош за жртвите во сите судски и управни постапки за прашања од интерес на жртвата. ЗКП во членот 53 предвидува право на жртва на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години да има право на советник на товар на буџетски средства пред давање исказ или изјава, но доколку има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело. Со тоа, жртви на семејно насилство што немаат доволно финансиски средства да дојдат до адвокат за да ги застапува во кривичната постапка по повод семејното насилство немаат можност да добијат секундарна правна помош. Но, во текот на оваа година, оваа практика се промени и за првпат им се даде можност на жртвите на семејно насилство да бидат застапувани од адвокат во кривичната постапка. Дополнително, на крајот на 2023 година, МЗМП поднесе неколку барања за секундарна правна помош на жртви на трговија со луѓе, кои заклучно со декември 2023 сѐ уште се во постапка на одлучување.

### Од јули 2023 година не постои Биро за судски вештачења преку кое ќе се реализира вештачење во одобрени предмети за секундарна правна помош

Според ЗБПП, секундарната правна помош ги опфаќа и трошоците за вештачење што ќе се реализира од страна на Бирото за судски вештачења согласно Законот за вештачење. На 20.7.2023 година во „Службен весник“ бр. 154/2023 целосно е објавен нов Закон за вештачење, кој е влезен во сила на 29.7.2023 година. Со членот 62 од Законот за вештачење, Бирото за судски вештачења се трансформираше во Биро за процена. Со тоа, Бирото за судски вештачења, кое го изготвува вештачењето во предмети во кои е одобрена секундарна правна помош, повеќе не постои. Со тоа, корисниците на секундарна правна помош, кои имаат потреба од водење судска постапка за која клучен доказ е вештачењето, ќе бидат ограничени и оневозможени да пристапат до правдата.

# ПРАВА НА ДЕЦАТА

Минималните стандарди за заштита на правата на децата се поставени со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата. На национално ниво, заштитата на децата е гарантирана со Уставот на државата и со повеќе закони, меѓу кои најзначајни се Законот за заштита на децата, Законот за правда на децата, Законот за семејство, како и законите за основно и средно образование.

Минималните стандарди за заштита на правата на децата упатуваат на тоа дека дете е секое лице до навршување 18-годишна возраст, како и дека основен принцип од кој се поаѓа при секоја активност што се спроведува за, или во врска со детето е најдобриот интерес на детето. Овој принцип е инкорпориран во Законот за правда на децата, Законот за семејството и во Законот за основното образование.

Обврската за почитување на правата на детето се однесува на сите, вклучувајќи ги родителите, старателите, наставниците, воспитувачите, но обврската за гарантирање дека правата на децата се почитуваат и за гарантирање заштита на правата на децата ѝ припаѓа на државата.

Во 2023 година, во МЗМП највидливи беа повредите што се однесуваат на правото на образование, остварувањето на правата од социјална и семејна заштита, како и врсничкото насилство – онлајн и на училиште.

## Повреда на правото на образование и правата поврзани со образованието

2023 година не отскокна многу од претходната година кога станува збор за пропуштање да се обезбедат соодветни услови за учениците непречено да ја посетуваат наставата и да го остварат образованието согласно утврдената програма.

Па така, во текот на второто полугодие од учебната 2022/2023 година, секојдневно бевме сведоци на лажни дојави за бомби во основните и средните училишта на територијата на државата.

Учебната 2023/2024 година повторно започна со недостиг на учебници, за кои постоеше ветување дека ќе стигнат до крајот на септември 2023 година. На почетокот на септември, од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше утврдено дека недостигаат 34 % од учебниците што се потребни за следење на наставата во основното образование.

## Не е донесен Законот за средното образование

Законот за основното образование во 2019 година претставуваше значителен чекор напред кон вклучување на децата во образованието, сеопфатна заштита од дискриминација и изграден систем за превенција и спречување насилство и вознемирување[28].

Сепак, оваа заштита и унапредување застанува со основното образование, бидејќи Законот за средното образование, кој треба да ги вклучи овие промени во средното образование, не е донесен. Како еден од најзначајните елементи е вклучувањето на образовните асистенти, кои не се опфатени со сегашниот Закон за основното образование.

Предлог-законот е објавен на ЕНЕР повеќе од една година.

## Нема системски одговор за врсничкото насилство

Врсничкото насилство сè повеќе се препознава од страна на учениците и нивните родители, кои се обраќаат и пријавуваат и до граѓанските организации. Во мај 2023 година, од страна на МОН е отворена посебна електронска адреса и апел до учениците да пријават врсничко насилство. Нема информации во однос на тоа на кој начин е постапено по пријавите, како и на кој начин се третираат лицата што пријавиле и сторителите на врсничкото насилство.

## Нецелосно почитување на најдобриот интерес на детето

Најдобриот интерес на детето, како принцип што треба да се почитува во сите постапувања во кои е вклучено дете, без оглед на тоа дали станува збор за судска, управна или друга постапка, сè уште е недоволно јасен и нецелосно применлив. Неопходно е да се зајакне пристапот кон разбирање и применување на најдобриот интерес на детето, како концепт што ги вклучува неговите интереси, потреби, стравови, но и неговите желби и неговиот став.

Во иднина, неопходно е да видиме соодветно разбирање и имплементација на најдобриот интерес на детето од страна на сите овие чинители, како и преземање соодветни мерки за вклучување обврска за следење на критериумите утврдени со Општиот коментар бр. 14 во сите закони и подзаконски акти со кои се регулираат правата на детето.

28 Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, 2020 г.

# ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Секој има право на здрава животна средина, а секој е должен да ги унапредува и да ги заштитува животната средина и природата. Државата обезбедува услови за остварување на правото на здрава животна средина.

## Управување со отпад

Регионалното управување со отпад сѐ уште не е воспоставено и функционално,[29] а спроведувањето на законодавството од областа на управувањето со отпад сѐ уште е значаен предизвик за државата.[30] Справувањето со нестандардните (диви) депонии во источните региони е тековен, користењето пластични ќеси е намалено за 80 %, а системот за проширена одговорност на производителите функционира со ограничен капацитет.[31]

Во текот на 2023 година сѐ уште се забележува спалување на депониите.[32] Посериозен предизвик во поглед на управувањето со отпад во државата претставуваше одлагањето опасен отпад (згура од преработка на акумулаторски батерии),[33] кое резултираше со поднесена кривична пријава поради основи на сомнение за сторено кривично дело – Загрозување на животната средина и природата со отпад.[34]

Депонијата „Дрисла“ е единствената депонија во државата со А-интегрирана еколошка дозвола, но сепак, таа се соочува со предизвици во функционирањето.[35] Поради тоа, во текот на август 2023 година граѓаните организираа повеќе протести барајќи повисоки еколошки стандарди.[36] Поради протестите и штрајкот на вработените во ЈП „Комунална хигиена“, градот Скопје се соочуваше со сериозен предизвик во собирањето на комуналниот отпад.[37]

## Заштита од аерозагадување

Европската комисија констатира дека аерозагадувањето сѐ уште е главен предизвик во големите градови и има ограничен напредок во мониторингот. План за квалитет на воздухот е усвоен во Општина Гостивар во февруари 2023 година.[38] Анализите на Европската агенција за животна средина укажуваат на тоа дека во периодот од 2017 до 2021 година околу 5 600 смртни случаи се како резултат на загадувањето.[39]

29 Информации за Студии за оцена на влијанието врз животна средина за воспоставување систем за управување со отпад во Пелагонискиот Регион, Југозападниот Регион, Источниот Регион и Североисточниот Регион, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапни на: http://tinyurl.com/ynnymckx и http://tinyurl.com/y8t22u46.

30 Извештај за Северна Македонија 2023 година, Европска комисија, стр. 108, достапно на: http://tinyurl.com/5acj9b32.

31 Ibid, стр. 107.

32 „Депонијата во Добарце трет ден гори – градоначалникот на Желино се жали дека нема поддршка од централната власт“, ТВ21, достапно на: http://tinyurl.com/2u7jex2n.
Известување на Државниот инспекторат за животна средина, достапно на: http://tinyurl.com/4ekavnyb.
„Парична казна од 9.500 евра за фирмата 'Еко Ливинг' за пожарот на депонијата во Тетово“, А1он, достапно на: http://tinyurl.com/czm8tyn8.

33 Известување на Државниот инспекторат за животна средина, достапно на: http://tinyurl.com/4eh2uk3k.

34 Известување на Државниот инспекторат за животна средина, достапно на: http://tinyurl.com/yww4rv3p.

35 Известување за утврдување загадување на Маркова Река од страна на ЈП „Дрисла“, Државен инспекторат за животна средина, достапно на: http://tinyurl.com/yat-vuzuu.

36 „ДОСТА НЕ ТРУЕВТЕ“: Протест пред „Дрисла“ – граѓаните велат депонијата нема услови за работа, ТВ21, достапно на: http://tinyurl.com/5hczmkdc.

37 Известување за извршен инспекциски надзор, Државен инспекторат за животна средина, достапно на: http://tinyurl.com/yckrw3rc.

38 Извештај за Северна Македонија 2023 година, Европска комисија, стр. 108, достапно на: http://tinyurl.com/5acj9b32.

39 Статистички извештаи на Европската агенција за животна средина, достапни на: http://tinyurl.com/4wyk9pt7 и http://tinyurl.com/36dseyjn.

Во рамките на преземените обврски за периодот од 2021 до 2023 година,[40] државата презема повеќе активности за унапредување на системот за мониторинг на аерозагадувањето.[41] Месечните извештаи од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух на МЖСПП сè уште укажуваат на предизвици во непречено функционирање на мерните станици, односно за разлика од 2022 година, каде што мерните станици давале податоци во 92,21 % од времето, а во 2023 година овој процент е намален на 80,07 %.[42] Најголем предизвик во 2023 година се мерните инструменти за честичките PM10 и PM2,5, кои не работеле во 22,45 %, односно 28,06 % од времето.[43]

**Графикон 1. Процент на обезбедени податоци за среднодневни вредности за концентрација на PM10 и PM2,5 честички во 2022 и 2023 година**




Во општините Кавадарци, Струмица, Гостивар, Струга и Куманово ќе се утврдуваат изворите на аерозагадување преку истражувања на Универзитетот „Гоце Делчев“ и лабораторијата „Амбикон“,[44] додека, пак, во општините Скопје, Битола, Тетово и Куманово, меѓу другото, ќе се постават 3 станици за мониторинг.[45]

Еден од посериозните инциденти регистрирани во 2023 година, а кој влијае врз аерозагадувањето, е и пожарот што се случи во магацин за бои и лакови во тетовското село Фалише.[46]

40 Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година, стр. 156, достапен на: http://tinyurl.com/yc5a3bxx.

41 Информации за преземени активности за спроведување на заложбите од Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година, достапни на: http://tinyurl.com/3upcfvw4.

42 Податоците се однесуваат на мерните инструменти за мерење на концентрација на SO2, PM10, PM2,5, CO и O3.

43 Истражување на Македонското здружение на млади правници.

44 Шукова: Со поддршка на Шведска и УНДП ќе се идентификуваат изворите на загадувањето на воздухот и во Кавадарци, Струмица, Гостивар, Струга и Куманово, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: http://tinyurl.com/4xdzj359.

45 МЖСПП: 10 милиони евра од ИПА 3 Програмата за животна средина наменети за справување со аерозагадувањето во Скопје, Битола, Тетово и Куманово, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: http://tinyurl.com/bd8tfzkh.

46 Шукова: По пожарот во Фалише ќе има загадување на воздухот, но во земјава нема акредитирана метода за мерење на органски испарливи материи, Нова Македонија, достапно на: http://tinyurl.com/2w9yjwx7.

## Справување со контаминирани подрачја

Продолжија активностите за расчистување на опасниот отпад од поранешната фабрика „ОХИС“[47], а МЖСПП ќе потпише нов договор со стечајниот управител на поранешната фабрика „Југохром“, кој ќе придонесе за непречено функционирање на пречистителната станица од шествалентниот хром.[48] Предизвици се забележуваат во справувањето со контаминираното подрачје во Лојане, каде што не е распишан нов тендер за справување со подрачјето.[49]

Подзаконските акти, кои произлегуваат од измените на Законот за животната средина од 2022 година и кои се однесуваат на контаминирани подрачја, не се донесени во законски предвидениот рок. Формално, сè уште нема идентификувани контаминирани подрачја во државата.

Извештајот од деталното истражување на локалитетот Пеленица утврдува контаминација на почвата и подземните води со опасен отпад и укажува на тоа дека локалитетот претставува директен и неприфатлив ризик за човековото здравје и животната средина, и треба да се преземат итни мерки за минимизирање дополнителна изложеност на локалната заедница и за пренесување на контаминацијата на подземните води.[50]

## Заштита на водите

Европската комисија констатира огромна системска слабост поради бавното темпо на спроведување на законодавството од областа на заштитата на водите.[51]

Плановите за управување со речни сливови, како основни документи за заштита и управување со водите, сè уште не се донесени, иако е изминат законски предвидениот рок во Законот за водите.

Изградбата и функционирањето на малите хидроцентрали сè уште претставува ризик по управувањето со водите и биодиверзитетот,[52] а МЖСПП презема активности за санација на приоритетните брани во државата.[53]

## Институционални капацитети

Недостигот на специјализиран кадар и слабите институционални и административни капацитети ги поткопуваат контролата на квалитетот и спроведувањето на оцената на влијанијата врз животната средина.[54]

Најважните институции чија надлежност е спроведување на законодавството од областа на животната средина се соочуваат со сериозен недостиг на кадар. Само 55 % од Правилникот за систематизација на работните места на МЖСПП е исполнет, односно само 65,8 % од предвидените работни места за инспектори во ДИЖС[55] се пополнети. Истовремено, во последните 3 години, бројот на судии во државата се намалил за 74 судии,[56] додека, пак, дополнително недостигаат 88 јавни обвинители.[57] Сите овие институции имаат потреба од специјализирани обуки за темите што ги работат.

49 Вебинар за жешките еколошки точки: Потребни се итни решенија, за човечките животи се работи, Мета.мк, достапно на: http://tinyurl.com/y7pnenna.

50 Извештај од деталното истражување спроведено на локација Пеленица, Драчево, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: http://tinyurl.com/yn4na8va.

51 Нацрт Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година, стр. 100, достапен на: http://tinyurl.com/mr2fcm2f.

52 Известување на Државниот инспекторат за животна средина за извршен инспекциски надзор над МХЕ Мала Река, Кочани, достапно на: http://tinyurl.com/meu6fa4z. МЖСПП не склучува договори за нови МХЕЦ во НП Шар Планина, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: http://tinyurl.com/52esmbj5.

53 Координативен состанок за санација на приоритетните брани во РСМ, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: http://tinyurl.com/j8cpr53b.

53 Координативен состанок за санација на приоритетните брани во РСМ, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: http://tinyurl.com/j8cpr53b.

54 Извештај за Северна Македонија 2023 година, Европска комисија, стр. 107, достапно на: http://tinyurl.com/5acj9b32.

55 Извештај за работа на Државниот инспекторат за животна средина за периодот од јануари до јуни 2023 година, достапен на: http://www.sei.gov.mk/uploads/inbound4548142060765855107.pdf.

56 Годишни извештаи на Судскиот совет, достапни на: http://tinyurl.com/yphe7ne9.

57 Годишни извештаи на Советот на јавни обвинители, достапни на: http://tinyurl.com/yz2xteb7.

## Законодавна активност за заштита на животната средина

Во текот на 2022 и 2023 година, во Собранието се поднесени закони за прогласување на Кањонот Матка и Студенчишкото Блато за заштитени подрачја, но тие сѐ уште не се усвоени. Кон крајот на 2023 година, Министерството за култура на ЕНЕР објави нов нацрт-закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион.[58]

Позначајна законодавна активност во областа на заштитата на животната средина претставува изменувањето и дополнувањето на Кривичниот законик, со што државата се усогласи со Директивата 2008/99/ЕС. Измените на Кривичниот законик вршат значително подобрување на можноста за правна заштита на животната средина на тој начин што е воведено сериозно кривично дело – Екоцид, за кое е предвидена и казна доживотен затвор, а подобрувања на законскиот текст има и во другите кривични дела во кои, за разлика од претходно, кога нужно беше докажување на причинско-последичната врска помеѓу емисиите и настанатата штета во животната средина, во дел од кривичните дела казниво е самото емитирање неколку пати над дозволената гранична вредност.

## Судска заштита на животната средина

Во периодот 2019–2022 година, МЗМП започна повеќе судски постапки за заштита на животната средина. Пред граѓанските судови беа поведени постапки за аерозагадувањето во Скопје и во Битола и за управувањето со отпад во Ст руга. Кривична пријава до Основното јавно обвинителство во Скопје беше поднесена во 2019 година. Конечно, во 2022 година беа поведени судски постапки пред Управниот суд за утврдување пропуштање преземање дејства во врска со изработувањето на плановите за управување со речни сливови и Водостопанската основа на РСМ.

Во текот на 2022 година, со одлука на Врховниот суд, правосилно заврши единствено судската постапка за утврдување повреда на права поради аерозагадувањето во Скопје, поради што МЗМП поднесе жалба пред Европскиот суд за човекови права. Останатите постапки останаа во тек и во 2023 година, и тие се пред второстепените судови. Тужбите беа отфрлени во прв степен, каде што судовите се прогласија за стварно ненадлежни. Интересен е фактот дека освен што за ненадлежни да постапуваат се прогласија граѓанските судови, истиот терк на одлучување го наследи и Управниот суд. Оттука, може да се констатира изедначена негативна практика и оневозможена граѓанска судска заштита на правото на здрава животна средина на граѓаните, како и управно-судска заштита, каде што иако постапката се однесува на управување и заштита на природните ресурси, во суштина, е дел од правото за здравата животна средина.

Единствено во постапката за управување со отпад, Судот во Струга се прогласи за надлежен и беше направен увид на фактичката состојба на терен. По поднесен приговор за стварна ненадлежност од страна на тужените, Судот донесе прво одбивателно решение. Незадоволни од ваквото решение, тужените поднесоа жалба до Апелациониот суд во Битола, кој ги уважи жалбите за стварна ненадлежност и предметот го врати на повторно одлучување. Основниот суд во Струга во повторената постапка се прогласи за стварно ненадлежен.

Во текот на 2023 година беа поднесени повеќе кривични пријави за сторени кривични дела против животната средина и природата. Во продолжение следува приказ на расположливи статистички податоци за 5 последователни години.

58 Известување на ЕНЕР, достапно на: http://tinyurl.com/2p9xktkm.

### Табела 1. Преглед на примени кривични пријави, обвинети и осудени лица[59/60]

| | Број на лица против кои е постапувано по кривични дела против животната средина и природата | Број на обвинети лица за сторени кривични дела против животната средина и природата | Број на осудени лица за сторени кривични дела против животната средина и природата |
|---|---|---|---|
| **2018 година** | **360** | **77** | **85** |
| **2019 година** | **421** | **141** | **112** |
| **2020 година** | **407** | **107** | **145** |
| **2021 година** | **431** | **113** | **136** |
| **2022 година** | **300** | **152** | **95** |

Се забележува одреден раст на бројот на поднесени кривични пријави, водени постапки и поднесени обвиненија, што упатува на зголемување на свеста кај граѓаните за пријава на дела што ја засегаат заштитата на животната средина. Меѓутоа, не е поднесена ниту една пријава за Тешки дела против животната средина и природата од чл. 234.[61]

### Табела 2. Преглед на обвинети и осудени лица[62]

| | Број на обвинети лице за сторени кривични дела против животната средина и природата | Број на осудени лица за сторени кривични дела против животната средина и природата |
|---|---|---|
| **2018 година** | **60** | **52** |
| **2019 година** | **69** | **59** |
| **2020 година** | **57** | **52** |
| **2021 година** | **85** | **73** |
| **2022 година** | **83** | **77** |

**59** Извештаи за работата на јавните обвинителства во Република Северна Македонија, достапни на: https://jorm.gov.mk/category/dokumenti/izvestai/.

**60** Постои неконзистентност во извештаите во презентирањето на нумеричките податоци и статистика за работата на јавните обвинителства во Република Северна Македонија. Презентираните бројки за 2022 година не соодветствуваат за споредба со презентираните од 2021 година и претходните години, каде што се сумирани бројките за пријави по кои генерално е постапувано во текот на календарската година, додека, пак, во 2022 година е презентирана бројка за нови почнати постапки во 2022 година. Сè уште се застапени различни статистички податоци во однос на ова прашање, во зависност од институцијата што ги прибира.

**61** Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2022 година, достапен на: http://tinyurl.com/44f42ew5.

**62** Извор – МАКСтат – база на податоци, Државен завод за статистика, достапно на: http://tinyurl.com/29ufz8d2.

# ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ

Во 2023 година, проблемот со бездржавјанството беше ставен во фокусот на интерес во нашата земја. Од страна на највисоките претставници на институциите во земјата беше преземена акција за решавање на сите идентификувани предмети на лица без државјанство.

Во февруари 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија одржа состанок со членовите на надзорната комисија за примена на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените, на која свои искази дадоа претставници на сите релевантни институции и организации што работат на проблематиката со запишување во матичната книга на родените.

На состанокот што го одржа надзорната комисија беше донесен заклучок дека Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените, иако беше донесен со добра намера, не ги исполни целите поради кои беше донесен и, поради тоа, нема потреба од негово продолжување. Истовремено, Собранието го задолжи Министерството за правда да подготви измени и дополнување на Законот за матична евиденција со цел да се овозможи запишување 700 лица без правен идентитет во матичната книга на родените, кои беа евидентирани на јавниот повик во 2018 година како лица незапишани во матичната книга на родените.

Министерството за правда формираше работна комисија за подготовка на измените и дополнувањата на Законот за матична евиденција и го задолжи МЗМП, како член на работната група, а истовремено и организација со долгогодишно искуство и експертиза во полето на проблемот со незапишаните лица, да го подготви текстот на законските измени.

Во јуни 2023 година беше донесен Законот за измени и дополнување на Законот за матична евиденција со кој се предвиде сите 700 лица евидентирани на јавниот повик, кои беа запишани во посебната матична книга на родените, да се запишат во редовната матична книга на родените и да добијат прв извод од матичната книга на родените до крајот на 2023 година.

Со овие законски измени беше предвидена олеснета постапка за запишување на овие 700 идентификувани лица во матичната евиденција, како на пр., со приложување изјава за потврда на идентитетот на родителите на детето во случаите кога тие не поседувале лични карти, исто така, се предвиде и одредување лично име од страна на посебен старател, назначен од Центарот за социјални работа во случаите кога родителите не му одредиле лично име на детето во законски предвидениот рок. Крајниот рок за запишување на овие 700 лица беше 31.12.2023 година.

Истовремено, беше предвидена и одредба со која се предвидува дека секое дете што е родено на територијата на Северна Македонија треба веднаш да се запише во матична книга на родените, а најдоцна до 45 дена по раѓањето, без оглед на државјанството и личниот статус на родителите.

МЗМП исто така беше задолжено за обезбедување бесплатна правна помош во постапката за запишување на лицата во редовната матична книга на родените за сите лице што живеат во Скопје и истовремено да ги покрие трошоците за нотарски изјави, педијатриски потврди и добивање прв извод од матичната книга на родените за сите 526 идентификувани лица.

Согласно известувањето на УВМК, до 31.12.2023 година, а во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, во редовната матична книга на родените беа запишани 500 лица. Останатите лица не беа пронајдени од страна на граѓанските организации.

Во октомври 2023 година беа донесени измени и дополнувања на Законот за лични карти и Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште.

Со овие измени, законодавецот предвидува олеснителна постапка за пријавување живеалиште, особено за лицата што живеат во нелегализирани објекти, бездомниците, лицата сместени во здравствени институции и за лицата сместени во старечки домови.

На тој начин, проблемот со граѓанската регистрација и добивањето извод од матичната книга на родените и лична карта како потврда на идентитетот се решава системски.

Во текот на 2023 година, МЗМП им обезбеди бесплатна правна помош на 503 лица во ризик од бездржавјанство. Од нив, 81 лице беше примено во државјанството на РСМ.

Дополнително, МЗМП идентификуваше 39 нови лица без државјанство. Дополнително, на 14 лица им беше обезбедена бесплатна правна помош во постапката за регулирање престој.

# ПРАВО НА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Во 2023 година, вкупниот број баратели на азил во РСМ согласно податоците на МЗМП е 618, и тоа 491 мажи, 127 жени, од кои 175 дете, а 61 непридружувани деца. Во овој период, Секторот за азил при МВР додели статус под супсидијарна заштита за три лица, меѓутоа не беше доделен ниту еден бегалски статус.[63] Решенијата на Секторот за азил и оваа година останаа предизвик во однос на тоа дека тие се недоволно образложени, без детално истражување за информација на земјата на потекло и почесто осврнување кон патувањето на барателот, отколку вистинскиот страв од прогон или претрпување сериозни последици во земјата на потекло.

Заклучно со 2023 година, УС на РСМ донел 10 пресуди, додека, пак, Вишиот управен суд донел 18 пресуди во однос на прашања поврзани со азилот и меѓународната заштита, каде што МЗМП бил вклучен во процесот на застапување. Во постапките пред Управниот и Вишиот управен суд постои одолжување на постапката и непочитување на предвидениот законски рок од 2 месеца, односно итно одлучување. Во 2023 година побрзо се одлучувало во предметите од областа на азилот пред управните судови за новите баратели на азил, меѓутоа во случаите за бегалците од Косовската криза пред управните судови, постапките сè уште траат подолг временски период. Постапката пред УС на РСМ до донесувањето пресуда, во просек, трае 193 дена, додека, пак, постапката пред Вишиот управен суд на РСМ трае 368 дена од поднесувањето на жалбата. Заклучно со 2023 година,

63 Последниот бегалски статус во РСМ е доделен во 2016 година.

одржани беа пет усни расправи пред Управниот суд. По одржаните усни расправи, Управниот суд најчесто носеше негативна одлука. Управните судови продолжија одлучувањето да го осврнуваат на техничките аспекти на предметот, без да одлучат мериторно во предметите, како што се надлежни, според Законот за управните спорови.

## Оневозможен пристап до пазарот на трудот за барателите на азил

На барателите на азил не им е овозможено остварување на правото на слободен пристап на пазарот на трудот што е предвидено со Законот за меѓународна и привремена заштита. Причината за ова е непостоење законска можност за определување матичен број на барателите на азил, како еден од условите тие да бидат заведени во Агенцијата за вработување на РСМ и да имаат пристап до пазарот на трудот. Баратели на азил, за чие барање за признавање на правото на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил во период од девет месеци по поднесување на барањето, имаат право на слободен пристап до пазарот на трудот. Ваквата ограничувачка одредба ги демотивира барателите на азил во земјава, па затоа најголем дел од нив заминуваат без да го чекаат исходот од постапката. Потребно е да се измени законската одредба и да се отстрани ограничувањето за слободен пристап да пазарот на трудот по изминувањето девет месеци, со цел Секторот за азил да донесе одлука и ова право да трае сè до донесувањето правосилна одлука по барањето за азил.

## Пречки при остварување на правото на државјанство

Во постапките за прием во државјанството на РСМ на лицата со признаено право на азил, иако е постигнат главниот услов за законски престој од 8 години за лице под супсидијарна заштита и 6 години за признаен бегалец во РСМ, како пречка во процесот на натурализација се некои од условите предвидени во Законот за државјанство. Тоа се потребните документи од земјата на потекло: Уверение дека не се води кривична постапка, Уверение од криминално досие и доказ за отпуст од досегашното државјанство. Покрај овие документи, Секторот за државјанство при МВР бара и документи од матичната држава што не се предвидени со закон: Извод од матичната книга на родените и Уверение за слободна брачна состојба, ако лицето е во брак. При интеграција на лицата под меѓународна заштита во РСМ, надлежните органи не треба да бараат прибавување документи од земјата на потекло и контакт со таа земја од која, всушност, лицата добиле заштита во друга земја, односно РСМ. Во однос на потребниот доказ за местото на живеење во постапката за прием во државјанство на РСМ, согласно условите предвидени во Законот за државјанство, странецот треба да „има обезбедено живеалиште“. Повеќето од лицата под супсидијарна заштита живеат во куќи под закуп што се во постапка на легализација или се предмет на оставинска постапка и сопствениците на овие куќи не поседуваат имотен. Секторот за државјанство, по свое толкување, како доказ за обезбедено живеалиште го смета поседувањето имотен лист или договор за закуп заверен на нотар, иако тоа не е предвидено со Законот за државјанство. За склучување договор за закуп, кој е заверен на нотар, потребен е имотен лист за објектот што се издава под закуп. Секторот треба да го применува Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето, кој се измени во 2023 година и според кој, како доказ за живеалиште може да биде и писмена потврда издадена од општината, со која се потврдува постоење бесправно изграден објект за живеење на кој не му е утврден правниот статус (со или без поднесено барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект), со наведување постојна улица и број, а доколку ја нема, се наведува најблиската улица.

## Регулирање престој за лица под меѓународна заштита согласно Законот за странците

Согласно Законот за странците, постојан престој ќе му се одобри на лице под меѓународна заштита, кое најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувало на територијата на РСМ согласно овој статус. Меѓутоа, проблем е тоа што како една од основите за одземање на постојаниот престој е наведен престанокот на меѓународната заштита на странецот во РСМ. Со ова, странците што ќе добијат меѓународна заштита и го исполнуваат горенаведениот услов, истовремено добиваат престој врз основа на меѓународна заштита и постојан престој во државата. Очекувана последица од добивањето постојан престој е губењето на меѓународната заштита, бидејќи едно лице не може да има два статуса во земјава. Сепак, прекинувањето на меѓународната заштита, според Законот за странците, претставува основ за губење на постојаниот престој, со што овие лица би биле доведени во уште полоша состојба и губење секаков легален статус и престој во РСМ. Во 2023 година се случи токму ваква повреда кон едно семејство, па беше поднесена жалба од страна на МЗМП, но до денот на пишување на овој извештај сè уште нема одговор од институциите.

## Права на странци и мигранти

Кризната состојба на северната и јужната граница на РСМ беше продолжена и во 2023 година, а статусот на транзитните центри остана недефиниран деветта година по ред. Ова е многу важно бидејќи на овој начин во прашање се доведува почитувањето на човековите права на лицата сместени таму. Сместувањето во двата центри се вршеше без утврден правилник или систем за прием на лица. Практиката на незаконски враќања продолжи и во текот на 2023 година, иако Фронтекс стана оперативен на јужната граница од април 2023 година, па се подобри процедурата за профилирање на мигрантите. Дел од мигрантите што биле пресретнати и откриени од страна на полицијата за време на акциите за спречување криумчарење мигранти биле пратени во прифатно-транзитниот центар „Винојуг", од каде што потоа биле вратени во Грција, во отсуство на формална постапка за враќање. Согласно податоците на МЗМП, од почетокот до крајот на годината, на овој начин биле вратени вкупно 11 332 мигранти. Сепак, мора да се спомене дека најголем дел од нив сакаат да се вратат во Грција.

Понатаму продолжи трендот на задржување на сведоците во кривични постапки против сторителите на кривично дело – Криумчарење. Лицата фатени со криумчарски групи беа пренесувани до прифатниот центар за странци каде што беа задржани како сведоци, на кои не им беше дозволено да поднесат барање за азил пред да дадат изјава пред надлежен јавен обвинител. По давањето изјава, тие потоа беа пуштани од центарот, најчесто преку поднесување барање за азил. Освен во прифатниот центар за странци, задржување лица имаше и во транзитниот центар „Табановце" и во транзитниот центар „Винојуг". Согласно статистиката на МЗМП, во прифатно-транзитниот центар „Табановце" беа задржани 55 лица, а во „Винојуг" 25 лица, од кои 5 беа непридружувани малолетници. Треба да се напомене дека задржувањето во „Винојуг" траеше сè до април 2023 година, односно кога Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) започна со работа на јужната граница на РСМ и во „Винојуг".

Задржувањето деца како сведоци во кривични постапки продолжи и во 2023 година. Забележана е поголема експедитивност на институциите и пократко задржување на лицата, но сепак, кога станува збор за дете, тоа е недозволиво и потребно е да се најдат алтернативи за нивно сместување, а не нивно задржување во прифатниот центар за странци. Задржувањето на детето во затворен центар чии услови се слични на затворските никогаш не е во најдобар интерес на детето и оваа практика мора под итно да престане.

Состојбата на Украинците што се најдоа на територијата на РСМ во 2023 години остана лоша. Тие добија привремен престој по основ на хуманитарни причини, но ништо повеќе од тоа. Не можат да работат, немаат пристап до здравствено или социјално осигурување и немаат никакви други права. Со ова, тие беа ставени во незавидна ситуација. Во август, во сила влезе одлука на Владата на РСМ со која им се доделува привремена заштита на сите Украинци, како што, всушност, постапија сите европски земји уште на почетокот на војната. И покрај носењето ваква одлука, нејзиното имплементирање остана предизвик, бидејќи е потреба измена на повеќе закони со цел да може овие лица да ги уживаат правата што им следуваат со статусот. Поради ова, тие сè уште се во незавидна состојба и чекаат одговори од институциите. Најголем дел од нив ја напуштија РСМ токму поради овие причини.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА

## Масовна злоупотреба на личните податоци на граѓаните

Во 2023 година бевме сведоци на зачестени напади врз системите за информатички технологии на институциите. Дел од најсериозните напади во кои е можно да дојде до масовна злоупотреба на личните податоци преку интернет се нападите врз Фондот за здравствено осигурување и Управата за водење на матичните книги.[64] Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) изрази загриженост поради потенцијалните штетни последици од злоупотребата на личните податоци. Нападите беа поврзани со застарените технологии и недостигот на стручен кадар. Преку вонредна супервизија на Управата за водење на матичните книги, АЗЛП утврди дека не се целосно воспоставени процеси што гарантираат усогласеност со прописите за заштита на личните податоци. Недостигот на целосна документација, обука за вработените и претходна оцена на ризиците се едни од проблемите што треба да се адресираат. Постојат и физички и технички недостатоци, вклучувајќи недостиг на контрола на пристапот до компјутерските системи, непостоење процедури за управување со медиуми и недостиг на контрола на евиденциите за пристап и активностите на корисниците.[65] Неопходно е институциите да посветат поголемо внимание на заштитата на личните податоци и соодветно да инвестираат во нови технолошки решенија и образование на вработените.

64 еМагазин: Од Фондот за здравство тврдат дека податоците на граѓаните се безбедни и дека не се украдени, објавено на 17.02.2023, достапно на: https://emagazin.mk/od-fondot-za-zdravstvo-tvrdat-deka-podatocite-na-graanite-se-bezbedni-i-deka-ne-se-ukradeni/.

65 АЗЛП, Информација за вонредната супервизија во Управата за водење на матичните книги, достапно на: https://azlp.mk/%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%B-C%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%BE%D0%BD%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D1%83%D0%BF%D0%B5%D1%80%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8/.

## Злоупотребата на личните податоци за земање брзи кредити во пораст

Согласно статистиките на МВР, од јануари до јули 2023 година се пријавени вкупно 65 случаи на злоупотреба на лични податоци поради земање брзи кредити, што е зголемување во однос на 2022 година кога имало 43 случаи во текот на целата година.[66] Во медиумите беше актуелен случајот на повеќекратна злоупотреба на личните податоци на лице со попреченост, во чие име биле земени пет брзи кредити од страна на непознати лица во последните две години.[67] Во текот на јули, АЗЛП извести за три вонредни супервизии по поднесени барања од три физички лица, согласно членот 97 од Законот за заштита на личните податоци. Во трите случаи, физичките лица тврделе дека финансиското друштво им одобрило онлајн кредит во износ од 90 000 денари на други физички лица што ги злоупотребиле нивните лични податоци. Финансиското друштво, спротивно на законот, обработувало лични податоци без да обезбеди согласност од лицата за тоа. Следствено, АЗЛП изрекла три глоби за финансиското друштво за брзи кредити и три глоби за одговорното лице на финансиското друштво.[68]

## Правната заштита на личните податоци сè уште не ги достигнува европските стандарди

За заштита на личните податоци согласно европските стандарди потребно е целосно усогласување на легислативата со Општата регулатива за заштита на податоците. Области што бараат усогласување се: пренос на лични податоци; независноста на АЗЛП; застарени делови од старите национални закони што треба да се укинат. Ова го потврди последниот Извештај на Европската комисија, кој исто така укажа и на потреба од усогласување на законодавството со Европската директива за примена на правото, која се однесува на полициската работа и заштита на личните податоци. Извештајот, сепак, ја забележува посветеноста на АЗЛП за поднесените измени на Законот за заштита на личните податоци.[69]

## Отсуствува целосна финансиска автономност на АЗЛП

Финансиската автономија на АЗЛП е од суштинско значење за заштитата на правото на приватност како фундаментално човеково право. Таа обезбедува дека агенцијата располага со потребните ресурси за да ги спроведува законите на ефикасен начин, со што се обезбедуваат личните податоци од неовластен пристап и злоупотреба. Без целосна финансиска автономија, агенцијата не е во можност целосно и навреме да ги исполнува своите надлежности, а тоа потенцијално може да ја наруши заштитата на правото на приватност. Во тој контекст, предизвик за АЗЛП останува недостигот на обучен и стручен кадар што располага со знаења од областа на заштитата на личните податоци и особено експерти од областа на информатичките науки, кои се клучни за имплементирање на легислативата за заштита на личните податоци. Државните средства алоцирани за агенцијата се доволни само за покривање на основните функции, без никаков простор за инвестирање во професионалниот развој на вработените или за замена на застарените возила и ИТ-опрема.[70]

66 https://mk.tv21.tv/brzite-krediti-glavobolka-za-graganite-podignuvaat-krediti-so-zloupotreba-na-lichnite-podatotsi/

67 https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/podi-gaat-brzi-krediti-na-ime-na-litse-so-poprechenost-od-chija-lichna-karta-gi-ukrale-podatotsite-negovite-roditelite-beskonechno-se-zadolzhuvaat-da-gi-vrakaat-i-ja-molat-drzhavata-da-gi-najde-izmamni/

68 https://azlp.mk/%d0%b0%d0%b3%d0%b5%d0%b-d%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0/

69 Commission staff working document, North Macedonia 2023 Report, достапен на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2023_en.

70 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај за 2022 година, достапен на: https://azlp.mk/wp-content/up-loads/2023/03/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf.

# ПРИСТАП ДО ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРАВА НА ДЕЦА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА

## Случај бр. 1: В. С. против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа и Министерство за труд и социјална политика

### Неефикасно остварување права од социјална заштита

### Факти

Лицето В. С. има полиартроза и повреди на ’рбетот и на колкот, при што едната нога му е пократка за 10 сантиметри. Како резултат на здравствената состојба, тој се соочува со тешкотии и болки при движењето, односно може да се движи по приближно 300 метри на рамен пат, но истовремено се соочува и со предизвици при извршувањето на секојдневните домашни обврски. В. С. се соочува со ваквата здравствена состојба од дете и неговата болест прогресира кон полошо, при што во ноември 2023 година му е препишана инвалидска количка, а истовремено има и дијабетес тип 2.

Поради својата здравствена состојба и тешкотиите што му ги предизвикува во секојдневното функционирање, тој во 2017 година поднел барање за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Постапката за остварување на ова право од социјална заштита сè уште не е правосилно завршена и е во тек и во 2023 година.

### Тек на постапката

По поднесеното барање за остварување на конкретното право во јули 2017 година, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа донел решение со кое го одбил барањето како неосновано. Жалбата што била поднесена до Министерството за труд и социјална политика била одбиена како неоснована, а решението на првостепениот орган било потврдено. Управниот суд со пресуда У-4.бр. 377/2018 го поништил решението на Министерството за труд и социјална политика и предметот го вратил на повторно одлучување, по што постапката се вратила повторно на одлучување пред ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.

Управниот суд во пресудата навел: „...Имено, Судот смета дека ***не е образложено врз основа на што комисијата нашла дека тужителот нема потреба од помош и нега од друго лице, имајќи предвид дека врз основа на доказите во предметот и цитираното конзилијарно мислење од 10.07.2017 година на ГОБ „8-ми Септември“ тужителот има потреба од користење туѓа помош и нега.“***

Повторената постапка за остварување на правото завршила со истиот исход, па со пресуда У-4.бр. 657/2019 повторно било поништено второстепеното решение, а судот навел: „...Управниот суд... смета дека органите правилно постапиле кога извршиле непосреден увид на тужителот, ***меѓутоа не извршиле целосен увид во целокупната медицинската документација, приложена кон барањето и списите по предметот. Имено, ова било укажано и со пресуда на овој суд У4 број 377/2018*** од 06.09.2018 година, ***кои насоки од страна на овој суд не се испочитувани и не се впуштиле органите во оцена на медицинската документација на име на тужителот, а посебно не го ценеле конзилијарното мислење, издадено од болница, од 10.07.2017 година, а ниту ја имале предвид и Листата на трајни и привремени промени на здравствената состојба за тужителот.“***

Повторената постапка пред првостепениот орган по трет пат е завршена со истиот исход, па во повторената судска постапка, Управниот суд со пресуда У-4.бр. 233/2021 по трет пат го поништува второстепеното решение и предметот го враќа на повторно одлучување. Судот во пресудата наведува: „...смета дека погрешно и непотполно е утврдена фактичката состојба по предметот, од чие утврдување зависи правилна примена на материјалното право. ***Во конкретниов случај, видно е од наод, оцена и мислење на стручна комисија,*** погоре цитиран, ***дека не е извршен непосреден преглед на тужителот.*** При повторно одлучување, ***органите треба да им наложат на Комисиите да се изврши непосреден увид на тужителот и увид во целокупната медицинската документација, приложена кон барањето, како и кон тужбата и конзилијарното мислење издадено од Болница... од С., каде што е наведено дека тужителот не можел да се самогрижи.“***

Во повторената постапка, по четврти пат е одбиено барањето на В. С. за остварување на правото, па повторно Управниот суд со пресуда У-4.бр. 482/2022 го поништил второстепеното решение и предметот го вратил на повторно одлучување, при што навел: „...овој суд претходно донесе одлука по предметот заведен при овој суд под У4 број 235/2020 година од 15.10.2020 година, со основ право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, како модел-одлука, чија правосилност настапи на ден 27.11.2020 година, па затоа оваа одлука во конкретниов случај е донесена во согласност со веќе изразено правно сфаќање на судот во модел-одлуката, под У4 број 235/2020 година од 15.10.2020 година... Управниот суд имајќи ги предвид погоре цитираните одредби, ***смета дека погрешно и непотполно е утврдена фактичката состојба по предметот, од чие утврдување зависи правилната примена на материјалното право.*** Во конкретниов случај, видно е од двата наоди, оцени и мислења на стручната комисија, погоре цитирани, дека ***не е извршен непосреден преглед на тужителот. При повторно одлучување, органите треба да им наложат на комисиите да се изврши непосреден увид на тужителот и увид во целокупната медицинската документација, приложена кон барањето, како и кон тужбата. Да се има предвид здравствената состојба на тужителот.“***

Во меѓувреме, В. С. поднел барање за заштита на правото на судење во разумен рок, при што Врховниот суд на 26.6.2023 година донел решение ПСРРУ-8/23, со кое утврдил дека нему му е повредено ова право и определил рок од 1 месец, сметано од денот на приемот на правосилното решение, во кој Министерството треба да постапи по последната пресуда и да одлучи по правото на подносителот на барањето.

Во повторената постапка, повторно е одбиено барањето за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. По поднесена жалба во септември 2023 година и по поднесена ургенција, Министерството за труд и социјална политика на 24 ноември 2023 година го известило В. С. дека сѐ уште не е добиен предметот од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, но на 29 ноември 2023 година било изработено решение со кое жалбата е одбиена како неоснована.

По поднесена тужба, предметот, по петти пат, повторно е пред Управниот суд.

## Заклучоци

Случајот ја истакнува неефикасноста во постапките за остварување права од социјална заштита, но и неефикасноста на механизмите за правна заштита. Непочитувањето на насоките од Управниот суд, што го констатира и самиот суд во пресудите, е спротивно на Законот за управните спорови, но и начелата на законитост, еднаквост, непристрасност и објективност, сервисна ориентација на јавните органи и економичност и ефикасност на постапката, регулирани во Законот за општата управна постапка.

Ситуацијата во која, постапувајќи по жалба, Министерството за труд и социјална политика одлучило за само три работни дена, упатува на заклучокот дека нема ефикасна и суштинска правна заштита. Причините за последниот заклучок се тоа што по добивањето на предметот од првостепениот орган, второстепениот орган во текот на три работни дена успеал: 1) да го достави предметот до второстепената комисија за издавање второстепен наод и мислење; 2) Второстепената комисија ги разгледала целокупниот случај и целокупната медицинска документација и изготвила второстепен наод и мислење; 3) Второстепениот наод и мислење пристигнал до второстепениот орган; 4) Второстепениот орган ги разгледал сите аргументи на жалителот и второстепениот наод и мислење и 5) Второстепениот орган го изготвил второстепеното решение.

Поради ваквата ситуација, се поставува прашањето и за ефикасноста и можноста решението на Врховниот суд да има последици, а со оглед на тоа што и во повторената постапка по петти пат повторно не е земен предвид наодот и мислењето на кој упатил Управниот суд, ниту, пак, е извршен соодветен непосреден преглед на лицето.

Во целиот период од јули 2017 година, лицето В. С. поднело повеќе иницијативи за инспекциски надзор до различни инспекциски служби, но исходот од инспекциските постапки бил просто наведување хронологија на настани, без разгледување на суштината, односно зошто, дали и како се извршуваат пресудите од Управниот суд.

Оттука, а со оглед на тоа што В. С. ги искористил сите можни правни механизми за заштита, се доаѓа до заклучокот дека македонскиот правен систем не нуди ефикасност во постапките за остварување на правата од социјална заштита.

## Случај бр. 2: Предизвици на С. П. за остварување на правото на посебен додаток поради немање навремени термини за преглед/контрола од стручна комисија

### Факти

Лицето С. П. е хронично болно лице на 22-годишна возраст со нарушена здравствена состојба и со присутни оштетувања предизвикани од бронхијална астма. Има повторувачки долнореспираторни инфекции со бронхоопструкции и прима редовна инхалаторна кортикотерапија. Поради тешкотиите во здравствената состојба, лицето во 2021 година поднело барање за остварување на правото на посебен додаток со доставен стручен наод и мислење од ЈЗУ Здравствен дом Скопје – Служба за функционална процена на деца и млади. Странката во 2022 година добива позитивно решение за остварување на правото на посебен додаток од страна на ЦСР. Во решението е наведено дека С. П. треба да направи контролен преглед во септември 2023 година.

### Тек на постапката

Лицето С. П. е хронично болно лице на 22-годишна возраст со нарушена здравствена состојба и со присутни оштетувања предизвикани од бронхијална астма. Има повторувачки долнореспираторни инфекции со бронхоопструкции и прима редовна инхалаторна кортикотерапија. Поради тешкотиите во здравствената состојба, лицето во 2021 година поднело барање за остварување на правото на посебен додаток со доставен стручен наод и мислење од ЈЗУ Здравствен дом Скопје – Служба за функционална процена на деца и млади. Странката во 2022 година добива позитивно решение за остварување на правото на посебен додаток од страна на ЦСР. Во решението е наведено дека С. П. треба да направи контролен преглед во септември 2023 година.

### Заклучоци

Случајот укажува на предизвиците со кои се соочуваат лицата со одреден степен на попреченост и усложнување на процесот за остварување на правата, конкретно, во случајот, правото на посебен додаток предвиден во Законот за заштита на децата.[71]

Еден од доказите што се бара за остварување посебен додаток е доставувањето стручен наод и мислење од Службата за функционална процена на деца и млади при Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје.

Првиот проблем со кој се соочуваат овие лица е закажувањето термин за преглед во Службата за функционална процена од страна на матичните лекари користејќи ја апликацијата „Мој термин“. Чести се ситуациите кога матичниот лекар не може да закаже преглед кај стручна комисија поради тоа што нема слободен термин. Со тоа им се одолжува постапката за првично остварување на правото за неколку месеци, сè до добивањето прв слободен термин.

71 За дете со попреченост до 26 години живот се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок.

Лицата што се веќе корисници на правото на посебен додаток треба да направат контролен преглед доколку тоа е утврдено во наодот и мислењето на Службата за функционална процена и решението од ЈУМЦСР. Оттука, повторно се појавува истиот проблем, односно неможност за навремено закажување контролен преглед кај стручна комисија. Следствено, корисниците на посебен додаток остануваат без редовен надоместок за периодот до носење на новиот наод и мислење. Важно е да се потенцира дека посебниот додаток, како паричен надоместок, е неопходен за овие лица бидејќи придонесува за подобрување на квалитетот на нивниот живот, а за некои лица и за остварување на нивните основни животни потреби.

Вториот проблем со кој се соочуваат овие лица е носењето решение за престанок на правото поради ненавремено поднесување на новиот наод и мислење. Во правилникот,[72] за користење на правото на посебен додаток е наведено дека доколку постојат оправдани причини[73] и корисникот на правото не бил во можност навреме да го достави наодот и мислењето, постапката треба да се запре сè до донесувањето нов наод и мислење од соодветниот стручен орган. Оттука, корисниците на посебен додаток се доведени во ситуација да влегуваат во административни лавиринти и судски постапки, што дополнително го одолжува користењето на правото од страна на децата со попреченост.

Кога се запира постапката доколку со новиот наод и мислење се утврди дека лицето има потреба од користење посебен додаток, на корисникот му се исплаќа вкупниот надоместок, вклучувајќи ги и месеците од моментот на запирање на постапката. Доколку, пак, се донесе решение за престанок на правото, тогаш странката нема право на надоместок за периодот до носењето на новиот наод и мислење, освен ако не ги искористи правните лекови и ако не добие позитивна одлука. Во конкретниот случај, ЈУМЦСР не цени дека тоа што нема слободни термини за преглед во Службата за функционална процена е оправдана причина за ненавремено извршување преглед/контрола.

Оттука, може да се заклучи дека постапката за остварување на правото на посебен додаток наменет за деца со попреченост е долготрајна и неефикасна, односно не се спроведува на наједноставен можен начин за странките. Важно е да се напомене дека децата со попреченост се соочуваат со многубројни предизвици во секојдневното функционирање и живеење, а комплексноста на постапката дополнително им го отежнува пристапот при остварување на нивните законски предвидени права.

Остварувањето на правото на посебен додаток ги опфаќа и децата под 18-годишна возраст, а во таа насока, согласно Конвенцијата за правата на детето, државите членки го уважуваат правото на секое дете да користи социјална заштита, па, според тоа, органите треба да ги преземат сите мерки неопходни за остварување на конкретното право во согласност со националните закони.[74] Практиката на ЈУМЦСР укажува дека тие постапуваат спротивно на начелото на сервисна ориентација на јавните органи и начелото на активна помош на странките со цел овозможување остварување на нивните права и правни интереси на колку што е можно поефективен и полесен начин.[75] Дополнително, согласно Конвенцијата за правата на лица со попреченост, државите потписнички се должни да обезбедат пристап за лицата со попреченост до програми за социјална заштита, како и да обезбедат пристап до помош од државата за трошоци поврзани со попреченоста, вклучувајќи и продолжена нега.[76]

72 Правилник за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/2019, 116/2019, 234/2020, 222/2021, 24/2022 и 97/2023).

73 Болест или лекување на детето или од оправдани причини стручниот орган не можел навреме да изврши преглед/контрола.

74 Конвенција за правата на детето (усвоена на Генералното собрание на ОН со резолуција 44/25 од ноември 1989), член 26.

75 Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), член 9 и член 17.

76 Конвенција за правата на лица со попреченост (усвоена од Генералното собрание на ОН на 13.12.2006 година), член 28.

## Случај бр. 3: В. С. против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

### Неефикасно уживање на правото на гарантирана минимална помош

### Факти

В. С. е лице со сериозни здравствени проблеми, па поради тоа во 2018 година остварувал право на постојана парична помош како лице неспособно за работа. Со влегувањето во сила на новиот Закон за социјалната заштита, тој бил преведен во право на гарантирана минимална помош, чиј износ, согласно членот 29 став 5, е зголемен за 50 % поради неговата неспособност за работа. Во решението што В. С. го добил во 2022 година е наведено дека е задолжен да изврши контролен преглед.

### Тек на постапката

Согласно задолжението од решението за остварување на правото на гарантирана минимална помош, В. С. неколку месеци пред истекот на рокот за контролен преглед, до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа поднел медицинска документација и Предлог за утврдување инвалидност со наод и мислење за здравствената состојба и за работната способност на осигуреникот, пополнет од матичен лекар. По изминати неколку месеци од поднесувањето на документите, В. С. не добил информација од ЈУМЦСР или од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија (ФПИОСМ) за денот и часот кога треба да оди на преглед на соодветната комисија, но добил решение од ЈУМЦСР со кое му се утврдува користење на правото на гарантирана минимална помош во износ при чие пресметување не е земен предвид членот 29 став 5 од Законот за социјалната заштита.

Во законски предвидениот рок, В. С. поднел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, тврдејќи дека уредно и навреме ги поднел сите потребни документи за продолжување на правото. Второстепениот орган решил дека неговата жалба е неоснована, па затоа ја одбил.

Второстепениот орган во решението навел дека „...именуваниот како дотогашен корисник на гарантирана минимална помош... не доставил наод, оцена и мислење за утврдување неспособност за работа за периодот од 1.10.2022 година кога истиот имал обврска да се јави на контролен преглед за преоцена на неговата способност, односно неспособност за работа... поради што и во износот на гарантирана минимална помош што именуваниот треба да го оствари веќе не може да влезе и во вкупната висина на правото да се пресметува и зголемувањето за неспособност за работа... кон списите на предметот е приложен Предлогот за медицинско вештачење со наод, оцена и мислење за здравствената и работната способност на осигуреникот, од кој е видно дека истиот е заверен кај надлежен лекар на ден 16.9.2022 година, но притоа кон списите на предметот не е содржан доказ од кој може да констатира дека барањето за оцена на работната способност на именуваниот е поднесено до надлежната Комисија за оцена на работна способност...“

В. С. поднел барање за остварување секундарна правна помош, па преку адвокат до Управниот суд поднел тужба што сè уште е во тек. Во меѓувреме, по поднесувањето на тужбата, кон крајот на 2023 година, В. С. е повикан на преглед на Комисија за оцена на работна способност во рамките на ФПИОСМ.

## Заклучок

Во основата на управните постапки се законитоста,[77] објективноста,[78] ефикасноста[79] и сервисната ориентираност[80] при постапувањето. Притоа, утврдувањето на сите факти и околности од значење за решавање на правното прашање,[81] но и обврската на јавните органи да ги известат странките за законските одредби што се од важност за решавање на нивниот предмет и за сите информации поврзани со постапката и правните последици од нивните дејства или пропусти[82] се *sine qua non* на управните постапки, дотолку повеќе што незнаењето или неукоста на странката што учествува во постапката не треба да биде на штета на нејзините законски права и интереси.[83]

Овие основи мора да се применуваат во првостепените, но и во жалбените постапки. Оттука, второстепените органи мора да навлегуваат во суштината на прашањата што се наоѓаат пред нив. Преведено низ призмата на конкретниот анализиран случај, второстепениот орган морал да утврди чија е обврската за поднесување на Предлогот за медицинско вештачење до ФПИОСМ. Дури и да требало В. С. да го поднесе Предлогот до ФПИОСМ, второстепениот орган требало да утврди зошто ЈУМЦСР го примил, во оригинал, без притоа да ѝ посочи на странката каде треба да го поднесе.

Начинот и местото каде што се поднесуваат предлозите и упатите за медицински вештачења или прегледи не е регулирано во правен пропис, туку претставува обичајно право, односно воспоставено е преку практиката на ЈУМЦСР. Токму оваа практика, а која В. С. ја искусил и во 2021 година, кога го извршил првиот преглед на Комисија за работна способност во рамките на ФПИОСМ, укажува дека Предлогот за медицинско вештачење се поднесува до ЈУМЦСР, кој понатаму го поднесува до ФПИОСМ, од каде што ја известуваат странката за денот и часот на спроведувањето на прегледот.
Токму поради ова, исклучително е важно второстепените органи да навлегуваат во суштината, односно да утврдат кој, кога и каде треба да го поднесе Предлогот за медицинско вештачење. Простото наведување факти дека во списите на предметот постои Предлог за медицинско вештачење, но не и доказ дека тој е поднесен до ФПИОСМ, не значи ништо доколку притоа не се утврди и чија била обврската и одговорноста за тоа. На овој начин, второстепениот орган ќе може да оцени дали правилно се применува начелото на активна помош на странката.

Последицата од ваквото постапување е сериозна за лицата што не се способни за работа и чиј единствен приход е износот на правото на гарантирана минимална помош. Административните бариери и лавиринти, ваквата категорија лица ја доведуваат во ситуација во која долг временски период (во конкретниот случај, постапката трае повеќе од 1 година) се без значајни финансиски средства што им се неопходни за лекови, тековни сметки, храна, облека и останати секојдневни потреби.

Неспорно е дека доколку ФПИОСМ повторно утврди неспособност за работа кај В. С., нему ќе му биде ретроактивно исплатена разликата за периодот додека бил намален износот на правото, но ваквата ситуација, иако формално и правно дозволена и исправна, во практиката нема да им ги надомести на лицата сите оние месеци кога добивале помал износ што им бил неопходен за задоволување на основните секојдневни потреби.

77 Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), член 5.
78 Ibid, член 8.
79 Ibid, член 7.
80 Ibid, член 9.
81 Ibid, член 10.
82 Ibid, член 17.
83 Ibid, член 17 став 3.

# ДЕЛ 2: УСТАВЕН СУД И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



# УСТАВЕН СУД

Уставниот суд ја остварува својата функција за заштита на уставноста преку оценување на согласноста за законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот наведени во членот 110 од Уставот, решава за судир на надлежности помеѓу носители на законодавната, извршната и судската власт и помеѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката и за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓани.

## Работа на Уставниот суд во 2023 година

Активностите на Уставниот суд во текот на 2023 година го одбележаа повеќе одлуки, меѓу кои и оние во однос на укинувањето на членот што се однесува на платите на избраните и именуваните лица и укинувањето на Упатството, поради негово објавување во „Службен весник“ по рокот предвиден во членот 52 од Уставот, што, пак, понатаму повлече засилена активност на Министерството за правда и министерот за правда, г. Кренар Лога, кои пред Уставниот суд поднесоа поголем број иницијативи токму поради околноста за рокот во кој се објавуваат подзаконските акти во „Службен весник“. Поради последново, во текот на 2023 година би можело да се каже дека Уставниот суд има зголемен број одлуки со кои укинува прописи.

## Оценување на уставноста и законитоста

Една од основните функции на Уставниот суд е оценување на усогласеноста на законите со Уставот, односно на сите останати прописи со Уставот и законите.

Во текот на 2023 година, Уставниот суд одлучувал по вкупно 189 предмети,[84] од кои 1 иницијатива за утврдување судир на надлежности.

| Одлуки | | | Решенија[85] | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Се укинува | Се поништува | Се утврдува | Се отфрла | Не се поведува постапка | Се поведува постапка |
| 10 | 3 | 1 | 80 | 55 | 37 |
| 14 | | | 172 | | |

## Студии на случај

### 1) Одлука У.бр. 23/2022-1 за укинување на ДУП за Општина Карпош

#### Факти

Советот на Општина Карпош на петтата вонредна седница донел ДУП за градска четврт 3 04 блок 04. 05. објавен во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 4/2022. Во поднесената иницијатива е оспорен предметниот ДУП поради негова неусогласеност со Уставот, Законот за урбанистичко планирање, Генералниот урбанистички план за Град Скопје и Правилникот за урбанистичко планирање. Поконкретно, ДУП-от предвидува изградба на бензинска пумпа, објект со намена Е (инфраструктура) во простор што согласно ГУП на Град Скопје е планиран за зеленило и изградба на објекти со намена А и Б (домување и делумно комерцијални објекти).

84 Број на донесени решенија и одлуки во однос на оценување на уставноста и законитоста на прописи.

85 Во некои решенија на Уставниот суд истовремено се донесуваат различни типови постапувања по прописите (на пример, со едно решение може да се отфрли иницијативата за оценување на уставноста на одреден дел од прописот и да не се поведе постапка за друг дел од иницијативата за оценување на уставноста на одреден дел од прописот или со едно решение може да се отфрли иницијативата за оценување на уставноста на одреден дел од прописот, но да се поведе постапка за оценување на уставноста на друг дел од прописот и слично). Иако можеби станува збор за исто решение, поради различното постапување во оценувањето на уставноста на прописот или на дел од него, во статистиката се прикажува во две различни графи што соодветствуваат на начинот на постапување.

## Наоди

Уставниот суд утврдил дека иако Советот на Општина Карпош формално и правно ги почитувал одредбите од Законот за урбанистичко планирање, оспорениот ДУП е спротивен на членот 8 став 1 алинеи 1, 3 и 10 (владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата).

Аргументацијата на Судот за неусогласеноста на ДУП-от со наведениот член од Уставот е поради тоа што ГУП за Град Скопје, а кој согласно Законот за урбанистичкото планирање е урбанистички план од повисоко ниво, предвидува изградба на објекти со класа на намена А и Б на конкретниот простор, но не и објекти со намена Е, каков што е бензинската пумпа. Поради тоа, ДУП-от не е усогласен со ГУП за Град Скопје, па е спротивен на членот 4 став 3 од Законот за урбанистичко планирање, што истовремено повлекува тој да биде спротивен и на наведениот член од Уставот.

## Значење на одлуката на Уставниот суд

За разлика од претходните одлуки и решенија каде што Судот одлучувал за усогласеност на урбанистичките планови со Уставот, при што единствени критериуми биле 1) донесен од овластен орган и 2) испочитувана е законската постапка за неговото донесување, во конкретната одлука Уставниот суд навлегол подлабоко во разгледување на оспорениот ДУП, при што утврдувал и негова усогласеност со ГУП како урбанистички план од повисоко ниво, а со кој пониските планови мора да бидат усогласени.

Оттука, Уставниот суд направил позитивен исчекор во својата практика при оценувањето на уставноста и законитоста на урбанистичките планови.

# 2) Одлука У.бр. 113/2022-1 за укинување членови од законите од 2010 година и 2014 година за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија

## Факти

Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, првично донесен во 1990 година, утврдува начин за определување на основицата за пресметување на платата на избраните и именуваните лица и начинот на пресметување на платата на овие лица. Ваквите одредби понатаму во 2009 и 2010 година се изменувани повеќе пати на тој начин што е точно специфициран износот на основицата и периодот до кој таа се зема за основа при пресметката на платата. Во натамошните измени на Законот (2012, 2013 и 2014), законодавецот предвидел платите на избраните и именуваните лица да може да се зголемат за 5 % во 2012, 5 % во 2013 и 4 % во 2014 година.

## Наоди

Уставниот суд утврдил дека оспорените членови од оспорените закони за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија се спротивни на членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 32 став 3 од Уставот.

Иако е неспорно дека законодавецот има уставно овластување да ги уредува општествените односи, а со самото тоа и платите и надоместоците на избраните и именуваните лица, законските

норми мора да бидат јасни, недвосмислени и предвидливи и да не оставаат простор за различно толкување што би можело да доведе до нејасности и различна примена во исти ситуации, што е суштина на принципот на владеењето на правото.

Фактот што во првичниот Закон од 1990 година бил воспоставен еден систем за утврдување на основицата за пресметка на платата (просечна месечна плата по вработен за претходната година според податоците на Државниот завод за статистика), а со подоцнежните измени и дополнувања се воспоставил нов систем каде што основицата била точно определен износ напишан во законите за изменување и дополнување, а кои требало да бидат од времена природа, според Судот предизвикува истовремено да постојат два система за определување на основицата за пресметка на плата. Тоа што вториот систем требало да има временски точно определена примена, но сѐ уште се применува, придонесува за фактот дека опстојувањето на одредбите создава забуна при примената и неконзистентност во законското уредување на материјата.

Сето ова не само што доведува до нејасност и непрецизност на одредбите, бидејќи тие на извесен начин ги црпи од основниот концепт и систем на законот, туку создава и реални тешкотии при утврдувањето на содржината на важечката норма, односно се доаѓа во ситуација во која е навистина тешко да се утврди која норма претставува важечко право. Неконзистентниот пристап на законодавецот при уредувањето на прашањето за пресметка на основицата на плата на избраните и именуваните лица го доведува во прашање и остварувањето на правото на вработените на соодветна заработувачка од членот 32 став 3 од Уставот.

### Значење на одлуката на Уставниот суд

Досегашната практика на Уставниот суд упатува на заклучокот дека тој не е надлежен да одлучува за меѓусебната усогласеност помеѓу два или повеќе различни закони. Независно од начинот на кој конкретната одлука беше прифатена од јавноста, би можело да се каже дека таа прави сериозен позитивен исчекор во однос на ваквата практика, поради тоа што со неа Уставниот суд расправал и одлучувал за меѓусебната усогласеност на одредби од еден ист закон.

Тргнувајќи од *argumentum a minore ad maius,* дотолку повеќе ваквата одлука на Уставниот суд би требало да биде применлива и во идни предмети што би се однесувале на меѓусебна усогласеност и на различни правни прописи, а, пред сѐ, тргнувајќи од јасноста, прецизноста и конзистентноста на уредувањето на општествените односи како основа на принципот на правна сигурност.

## 3) Решение У.бр. 9/2021 и решение У.бр. 25/2021 со кои се отфрлаат иницијативите за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија

### Факти

Со иницијативите е оспорен Законот за решавање на спорот помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје поради неусогласеност со членот 8 став 1 алинеи 3, 4 и 7, членот 33, членот 51, членот 55 ставови 1 и 2, членот 68 став 1 алинеи 2, 6 и 19 и Амандманот XXV од Уставот.

## 3) Решение У.бр. 9/2021 и решение У.бр. 25/2021 со кои се отфрлаат иницијативите за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија

### Факти

Аргументите во однос на неусогласеноста на законот со Уставот се дека компанијата се става во поповолна положба на пазарот во однос на сите останати трговски друштва што водат спор со државата, притоа Собранието ги надминало своите уставни надлежности и навлегло во сферата на судството во ситуација кога помеѓу Владата и компанијата имало тековен стопански спор пред суд, кој трае повеќе од 15 години, а со самото тоа што законот се однесува на конкретни субјекти (Владата и Макпетрол АД Скопје), тој ја губи својата функција на општ акт што се однесува и се применува на неограничен број субјекти и го добива квалитетот на поединечен правен акт.

### Наоди

Уставниот суд утврдил дека има процесни пречки за одлучување по иницијативата, како што утврдува и членот 28 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, односно дека со склучувањето на Спогодбата помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје, а инаку предвидена како обврска со членот 3 од оспорениот закон, подоцна правосилно се окончале судските спорови, па со самото тоа била остварена и целта на законот.

Поради тоа, Уставниот суд утврдил дека оспорениот закон се исцрпел во својата примена, односно практично не е во правниот промет, па поради тоа настанале процесните пречки за одлучување.

Двајца судии на Уставниот суд имаат свое издвоено мислење во однос на донесеното решение.

### Значење на решението на Уставниот суд

Значењето на конкретниот предмет на Уставниот суд се огледува во ставовите, аргументите и мислењата изнесени во издвоените мислења на двајца од судиите.

Во издвоеното мислење, судиите наведуваат повеќе аргументи што се во линија на оние изнесени од подносителите на иницијативите. Судиите укажале дека „...на апсурдноста упатува и следниот ноторен факт. Имено, законодавецот со оспорениот закон уредува и решава еден конкретен граѓанско-правен однос од имотна природа, однос што настанува помеѓу конкретни субјекти. Односите што се уредени со оспорениот закон не може да бидат законска материја – materia legis.“

Истовремено осврнувајќи се на аргументот од решението дека постојат процесни пречки за одлучување, во издвоеното мислење е наведено „...и за нас судиите беше познат фактот дека односот што се уредува со оспорениот закон е окончан, е решен. Меѓутоа, окончаниот однос со оспорениот закон, за кој сметаме дека е противуставен, не го прави Законот да биде уставен...“, што инаку јасно упатува на заклучокот дека без оглед на исцрпувањето на примената на оспорениот закон, за него требало да се поведе постапка.

Дали некој правен пропис е или не е во правна сила не би требало да биде причина за да не се разгледува неговата усогласеност со Уставот и законите. Воспоставувањето стандарди за толкување и применување на уставните одредби е важен атрибут на одлуките на Уставниот суд, па поради тоа, тој би требало да ги разгледува и оние правни прописи што можеби во моментот на одлучување не се во правна сила, но за кои при првичната анализа во претходната постапка основано би можело да се постави прашањето за усогласеност. Само на овој начин би можело да се гради позитивна уставна практика и истовремено насоки за другите гранки на власт за тоа на кој начин треба да ги спроведуваат своите надлежности. Дотолку повеќе, одлуките за поништување пропис имаат важност и наназад (ex tunc), односно може да предизвикаат и правни последици како резултат на претходно опстојување на неуставна одредба или пропис.

## 4) Решение У.бр. 2/2021 со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на член од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи

### Факти

Македонското здружение на млади правници поднесе иницијатива поради неусогласеност на членот 12 став 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи со членовите 8, 51, 52, 96 од Уставот, членот 222 од Законот за извршување на санкциите и членот 55 став 1 и 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Законот за извршување на санкциите го регулира „регресирањето" затвореници, но не и постапката за регресирање и прогресирање на регресираното лице во полиберална група, а тоа не би требало да се толкува дека спаѓа во овластувањето на министерот за правда согласно членот 19 од истиот закон, кој му дава овластување со општ акт да го регулира единствено прашањето на распоредување, класификација и разместување осудени лица. Оттука, со самото тоа што прашањето за регресирање е регулирано во оспорениот член од Правилникот, а на што министерот за правда не бил овластен со Законот за извршување на санкциите, истовремено е сторена повреда на одредбите од Законот за организација и работа на органите на државната управа поради тоа што уредувањето на тоа прашање нема законска основа во овој Правилник, но и претставува предвидување права и обврски со подзаконски акт, што исто така е забрането.

Со оглед на тоа што оспорената одредба од Правилникот се применува и на лица што сториле бегство, обид за бегство и ненавремено враќање од прекин на казната во 2016, 2018 и 2019 година, а кога не бил во сила Правилникот, тој има повратно (ретроактивно) важење, но претставува и двојно казнување на осудените лица, затоа што за таквото нивно поведение им е изречена дисциплинска мерка, но истовремено и не може да прогресираат во полиберално одделение.

### Наоди

Уставниот суд утврдил дека прашањето на регресирање може да се дорегулира затоа што Законот за извршување на санкциите во членот 222 предвидел дека за регресирањето на осуденото лице одлучува директорот на Управата за извршување на санкциите со решение. Оспорениот Правилник не врши воспоставување права и обврски за осудените лица затоа што тие се регулирани со членот 155 од Законот за извршување на санкциите. Судот оценил дека не станува збор за тоа дека со оспорената одредба му се одзема некое право на осуденото лице, туку, напротив, станува збор за можност што не значи дека во секој случај и секое осудено лице може да биде разместено во полиберална група.

Во однос на наводите за двојно казнување на осудените лица, Судот оценил дека овие наводи не се основани поради тоа што за сторена дисциплинска повреда на осудените лица во постапка определена со Законот за извршување на санкциите и оспорениот правилник, на осуденото лице му се изрекува дисциплинска казна и не станува збор за двојно казнување.

Со донесувањето на новиот Правилник при редефинирање на условите за распоредување, класификација и разместување на осудените лица, предвид се земени нови околности во казнено-поправните установи, со оглед на фактот што сè повеќе осудени лица имаат поголеми казни и потешки кривични дела, поради што безбедноста на установите беше еден од клучните фактори за редефинирање на одредбите од стариот Правилник. Наспроти намерата да се гарантира безбедноста на установите, секогаш се води сметка тоа да не биде на штета на осудените лица, а најмалку да им биде повредено некое нивно право загарантирано со закон.

## Значење на решението на Уставниот суд

Прашањето покренато со иницијативата е комплексно и комплицирано, но, во суштина, покренува две важни прашања: 1) дали може министер да носи подзаконски акти што уредуваат прашања за кои изречно не е овластен со закон и 2) дали важење на подзаконски акт за поведенија што се случиле пред неговото донесување значи и повратно (ретроактивно) важење на прописот.

Иако строгиот формализам носи своевидна опасност, сепак таа е една од основите за владеењето на правото и правната сигурност. Уставниот суд навел дека, според него, прашањето за детално разработување на регресирањето е дозволено преку решението што го носи директорот на Управата за извршување на санкциите, но тоа значи овластување на тој директор, земајќи ги предвид законските услови, да одлучува поединечно од случај во случај за прашањето за регресирање, но не и овластување на министерот за правда, преку подзаконски акт, да го уреди тоа. Ова дотолку повеќе што и оспорениот Правилник е донесен врз основа на членот 19 од Законот за извршување на санкциите, а не и врз основа на членот 222 од истиот закон, кој го регулира прашањето за регресирање. Оттука, повторно се поставува прашањето за законската основа за регулирање на прашањето за регресирање на осудените лица во оспорениот Правилник.

Во однос на ретроактивното важење на прописите, се добива впечаток дека Уставниот суд тоа го разгледувал спорадично и недоволно. Токму ваквото важење на прописите може да се појави како предизвик за голем број прописи, па, оттука, Уставниот суд ја има улогата преку својата практика да воспостави критериуми, околности и услови под кои ќе се смета дека одреден пропис има ретроактивна примена.

## Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот

Согласно членот 110 од Уставот, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во 2023 година, Уставниот суд одлучувал во 15 предмети, и во само еден случај одлучил дека има повреда на правата за чија заштита е надлежен да одлучува согласно членот 110 од Уставот.

| Реден број | Број на решението | Донесена одлука | Линк до решението |
|---|---|---|---|
| 1 | У.бр. 92/2022 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на забраната на дискриминација по основ на социјална припадност | https://ustavensud.mk/?p=23645 |
| 2 | У.бр. 316/2020 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност | https://ustavensud.mk/?p=23641 |
| 3 | У.бр. 18/2023 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална и политичка припадност. | https://ustavensud.mk/?p=23995 |
| 4 | У.бр. 144/2019 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува за слободата на уверувањето и совеста, како и заштита на правото на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност. | https://ustavensud.mk/?p=24056 |
| 5 | У.бр. 43/2022 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на забраната на дискриминација по основ на социјална припадност | https://ustavensud.mk/?p=23999 |
| 6 | У.бр. 74/2021 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на забраната на дискриминација по основ на политичка припадност | https://ustavensud.mk/?p=24150 |
| 7 | У.бр. 171/2020 | СЕ ОДБИВА барањето што се однесува на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност | https://ustavensud.mk/?p=24637 |
| 8 | У.бр. 30/2023 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на заштитата на правото на забрана на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност | https://ustavensud.mk/?p=25184 |
| 9 | У.бр. 131/2023 | СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на заштитата на правото на забрана на дискриминација по основ на пол | https://ustavensud.mk/?p=24994 |
| 10 | У.бр. 84/2022 | СЕ ОДБИВА барањето што се однесува на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност - СЕ ОТФРЛА барањето што се однесува на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност, по основ на други поединечни акти и СЕ ОТФРЛА барањето во делот за заштита на правата од член 9 и член 32 од Уставот | https://ustavensud.mk/?p=24144 |
| 11 | У.бр. 137/2021 | СЕ ОДБИВА барањето на што се однесува на слободата на уверувањето и совеста, како и заштита на правото на забрана на дискриминација СЕ ОТФРЛА барањето на што се однесува на слободата на уверувањето и совеста, како и заштита на правото на забрана на дискриминација (станува збор за двајца различни подносители) | https://ustavensud.mk/?p=24237 |
| 12 | У.бр. 9/2023 | СЕ ОДБИВА барањето што се однесува на заштитата на слободата на мислата и јавното изразување на мислата. | https://ustavensud.mk/?p=24315 |
| 13 | У.бр. 146/2021 | СЕ УТВРДУВА повреда на слободата на мислата и јавното изразување на мислата | https://ustavensud.mk/?p=24585 |
| 14 | У.бр. 54/2020 | СЕ ОДБИВА барањето што се однесува на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол | https://ustavensud.mk/?p=24878 |
| 15 | У.бр. 319/2020 | СЕ ОДБИВА барањето што се однесува на заштитата на слободата на мислата и јавното изразување на мислата | https://ustavensud.mk/?p=24124 |

# ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во текот на 2023 година, во вкупно 10 жалби по кои одлучувал Европскиот суд за човекови права (Судот), констатирал повреда на човековите права и слободи загарантирани и заштитени со Европската конвенција за човекови права (Конвенцијата). Дополнително, Судот има донесено уште една пресуда за ревизија на предмет, по поднесено барање од страна на државата за правично задоволување (член 41).[86]

Во пресудите, Судот констатирал повреда од страна на домашните институции, односно државата, на Конвенцијата во однос на заштитата на сопственоста (член 1 од Протокол 1), правото на правична судска постапка (член 6), правото на слобода и безбедност (член 5), забраната за мачење (член 3), правото на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8), процедуралните гаранции во случај на протерување странци (член 1 од Протокол 7), слободата на движење (член 2 од Протокол 4) и забраната за дискриминација (член 14). Врз основа на пресудите на Судот, а поради повреда на човековите права и слободи загарантирани со Конвенцијата, државата била задолжена од буџетот да плати вкупно 93 480 евра.

Судот донел 10 одлуки врз основа на постигната пријателска спогодба помеѓу државата и апликантот[87] и 5 одлуки врз основа на унилатерална декларација, каде што Владата на РСМ извршила еднострано признавање повреда на Конвенцијата. Врз основа на овие одлуки, државата била задолжена да плати вкупно 1.130.545 евра.[88] Пријателските спогодби се однесуваат на права поврзани со правична судска постапка, забрана за дискриминација, забрана за колективни протерувања странци, право на почитување на приватниот и семејниот живот.[89] Додека, пак, унилатералните декларации се однесуваат на права поврзани со заштитата на сопственост, правична судска постапка, отфрлање жалба.[90]

Износот на средства за нематеријална штета и трошоци што ги платила државата во 2023 година е за 10 пати поголем во споредба со 2022 година. 88 % од исплатениот износ на физичките и правните лица во сите постапки се однесува за повреда на правото на правична судска постапка, односно долготрајност на постапките во државата. Заклучно со јуни 2023 година, за вкупно 386 апликации (жалби) против РСМ, Судот сѐ уште нема донесено конечна одлука или пресуда.[91]

Во продолжение следува табела што содржи информации за 11 мериторни пресуди, која вклучува: назив на пресудите, број на апликации, датум на донесување на пресудите, за кое право што го заштитува Конвенцијата е утврдена повреда, досудениот износ за утврдената повреда и линк до пресудата. Исто така, наведено е и под каков надзор е извршувањето на пресудата од страна на Комитетот на министри и квалификацијата на предметот.

86 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22EN-G%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222023-01-01T00:00:00.0Z%22,%222023-12-31T00:00:00.0Z%22]}

87 „Спогодба за пријателско решавање на предметите“ е изјава со која Владата на РСМ се обврзува да му исплати на жалителот определен износ парични средства или, пак, преку домашните судови и државните органи да преземе извршување определени дејства, за сметка на што жалителот се обврзува да престане со натамошни постапувања и барања пред Судот против Република Македонија во односниот предмет, со што се постигнува конечно решавање на предметот.

88 Исплатени се 1.022.790 евра врз основа на пријателски спогодби и 107 755 евра врз основа на унилатерална декларација.

89 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execfinaljudgmentdate%22:[%222023-01-01T00:00:00.0Z%22,%222023-12-31T00:00:00.0Z%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22exectype%22:[%22FS%22]}

90 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22(\%22unilateral%20declaration\%22)%22],%22sort%22:[%22kpdate%20Descending%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22kpdate%22:[%222023-01-01T00:00:00.0Z%22,%222023-12-31T00:00:00.0Z%22]}

91 https://www.echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf

| Реден број | Име на пресуда | Број на апликации | Датум на поднесување | Право повредено од ЕКЧП | Вкупен износ на штета и трошоци на постапката | Надзор од Комитетот на министри | Квалификација на предметот | Линк од пресудата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Радика превози ДОО Љубљана против РСМ | 52003/18 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2252003/18%22]} | 21.03.2023 | Заштита на сопственоста (член 1 од Протокол 1) | 850 евра | Стандарден надзор | Водечки предмет | RADIKA PREVOZI DOO LJUBLJANA v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-223645%22]} |
| 2 | Димчевска против РСМ | 13919/18 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2213919/18%22]} | 04.04.2023 | Право на правична судска постапка (член 6 став 1) | / | Стандарден надзор | Водечки предмет | DIMCHEVSKA v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-223921%22]} |
| 3 | Доцевска-Божиновска против РСМ | 25190/18 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2225190/18%22]} | 09.05.2023 | Право на слобода и безбедност (член 5 став 4) | 1 600 евра | Стандарден надзор | Повторувачки предмет | DOCEVSKA-BOZHINOVSKA v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-224556%22]} |
| 4 | Китановска и Барбуловски против РСМ | 53030/19 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2253030/19%22]} 31378/20 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2231378/20%22]} | 09.05.2023 | Право на правична судска постапка (член 6 став 1) | 900 евра | Стандарден надзор | Водечки предмет | KITANOVSKA AND BARBULOVSKI v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-224560%22]} |
| 5 | Јакимовски и Кари Превоз против РСМ | 51599/11 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2251599/11%22]} | 01.06.2023 | Правично задоволување (член 41) | 30 925 евра | Затворен надзор | Водечки предмет | AKIMOVSKI AND KARI PREVOZ v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222023-01-01T00:00:00.0Z%22,%222023-12-31T00:00:00.0Z%22],%22itemid%22:[%22001-224982%22]} |
| 6 | Д. Х. и други против РСМ | 44033/17 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2244033/17%22]} | 18.10.2023 | Забрана за мачење (член 3) и Право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8) | 13 200 евра | / | Водечки предмет | D.H. AND OTHERS v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-225879%22]} |
| 7 | Мемедова и други против РСМ | 42429/16 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2242429/16%22]} | 24.10.2023 | Слобода на движење (член 2 од Протокол 4) и забрана за дискриминација (член 14) во врска со членот 2 од Протокол 4 | 17 115 евра | / | / | MEMEDOVA AND OTHERS v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-228661%22]} |
| 8 | Китановска и Трајковски против РСМ | 71657/17 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2271657/17%22]} | 14.11.2023 | Заштита на сопственоста (член 1 од Протокол 1) | 9 300 евра | / | Повторувачки предмет | KITANOVSKA AND TRAJKOVSKI v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-228852%22]} |
| 9 | Јанакиески против РСМ | 57325/19 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2257325/19%22]} 16291/20 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2216291/20%22]} | 14.11.2023 | Право на слобода и безбедност (член 5 став 4 и 5) | 6 100 евра | / | / | JANAKIESKI v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-228855%22]} |
| 10 | С. Б. против РСМ | 64163/19 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2264163/19%22]} | 30.11.2023 | Процедурални гаранции во случај на протерување странци (член 1 од Протокол 7) | 3 643 евра | / | / | S.B. v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-229161%22]} |
| 11 | Насков и други против РСМ | 31620/15 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2231620/15%22]} | 12.12.2023 | Заштита на сопственоста (член 1 од Протокол 1) | 9 855 евра | / | / | NASKOV AND OTHERS v. NORTH MACEDONIA (coe.int) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-229390%22]} |

Во продолжение на овој документ се наоѓа краток приказ на два предмети од 2023 година, за кои МЗМП беше активно вклучена во правната помош на лицата апликанти во државата, како и при подготовка на апликацијата и застапување пред ЕСЧП.

## Случај 1. Мемедова и други против Република Македонија

### Околности на случајот [92]

На апликантите, сите од ромска етничка припадност, не им било дозволено да ја напуштат територијата на Република Македонија. Апликантите се жалеле дека биле издвоени од страна на граничните полицајци поради нивната ромска припадност, а следствено, не им било дозволено да ја преминат државната граница. Од 19 декември 2009 година, влезот на граѓаните на тужената држава во Шенген-зоната беше поедноставен за оние што поседуваат биометриски пасош издаден од надлежен орган.

На 28 април 2011 година, Министерството за внатрешни работи пратило известување до регионалните центри за гранични работи, Секторот за гранични работи и миграции и други релевантни тела во рамките на Министерството, укажувајќи дека се зголемува бројот на државјани што аплицирале за азил во Европската Унија и земјите членки на Шенген-зоната и дека на тој начин се злоупотребувал постојниот безвизен режим. Една од мерките на МВР била зајакнување на граничните контроли за проверка на идентитетот и валидноста на документите на граѓаните што ја напуштаат државата и кои се потенцијални баратели на азил. Во овој случај, апликантите имале валидни патни исправи и се упатиле кон граничните премини со цел да ја напуштат територијата на државата.

На 29 ноември 2014 година, Мемедова (прва апликантка) била спречена да ја напушти државата преку скопскиот аеродром, а откако ѝ бил проверен пасошот, вратен ѝ бил со печат што бил вкрстен со паралелни линии, што значело дека печатот за влез или за излез бил откажан. Во официјална белешка на МВР било наведено дека на апликантката не ѝ било дозволено да ја напушти државата затоа што претставувала закана за јавната политика и за односите на државата со земјите членки на ЕУ и затоа што таа не обезбедила докази за доволно финансиски средства за нејзиниот планиран престој, не приложила повратен билет или формално писмо или спонзорство.

На 30 март 2015 година, апликантката поднела граѓанска тужба тврдејќи дека нејзините права на еднаков третман за да ја напушти земјата ѝ биле повредени, истовремено тврдејќи дека граничниот службеник ја навредил велејќи дека таа, како и другите Роми, ќе бара азил. Апликантката се обидела да објасни дека е пензионерка и дека патува за да ги посети своите деца. Дополнително, се обидела да приложи документи што укажуваат на тоа дека нејзиниот син живее во Германија, додека, пак, во текот на постапката, другиот син дал усни докази со кои потврдил дека неговиот брат живее во Германија. Иако таа се обидела да објасни дека е пензионерка со документацијата и со усните докази на едниот нејзин син, кои покажувале дека нејзиниот друг син живее во Германија и таа оди да го посети него, граничниот полицаец не ѝ дозволил да ја премине границата. Апликантката претходно патувала во Германија без да биде побарано да приложи писмо за спонзорство, а на нејзиниот пасош имало печат од германските власти за време на нејзиниот претходен престој, што го потврдува тој факт и не може да се толкува како доказ за претходен обид за барање азил во Германија. На крајот, апликантката истакнала дека на истиот датум на некои други Роми им било дозволено да ја преминат границата.

92 Наведени се само околностите на случајот за апликантката Мемедова застапувана од МЗМП.

На 23 јуни 2015 година, Основниот суд Виница утврдил дека апликантката не била дискриминирана и не ѝ било дозволено да патува поради тоа што не ја оправдала својата цел и причина за патување со веродостојни документи, како што налагал законот. Судот се повикал на нејзината изјава дека на други патници со ромско потекло им било дозволено да ја напуштат државата истиот ден и утврдил дека проверката на нејзиниот претходен печат за влез во Германија била извршена како дел од граничните проверки со цел да се утврди дали ги исполнува условите за премин на границата. Судот заклучил дека достапните докази не докажуваат дека на другите лица во споредливи околности им било дозволено да ја напуштат државата.

На 18 јануари 2016 година, Апелациониот суд Штип ја потврдил пресудата на понискиот суд и утврдил дека нејзините права на еднаков третман и напуштање на државата не ѝ биле повредени. Понатаму, утврдил дека за да се напушти територијата на тужената држава и да се влезе во земја членка во Шенгенскиот граничен кодекс, не е доволно да се има само биометриски пасош, туку треба да бидат исполнети и други услови, како што е да се има писмо на спонзорство и да се покажат доволно финансиски средства за да може лицето да ги докаже својата цел, причините за патувањето и престојот во земјите членки на ЕУ.

## Наводна повреда на членот 14 земен во врска со членот 2 од Протокол 4 од Конвенцијата

Апликантите се жалеле дека е направена дискриминација во однос на нивното право да ја напуштат државата поради тоа што се лица од ромска етничка припадност, спротивно на членот 1 од Протокол 12 од Конвенцијата и членот 14 од Конвенцијата земен во врска со членот 2 од Протокол 4. Повредено им е правото да ја напуштат тужената држава, спротивно на членот 2 од Протокол 4 од Конвенцијата. Судот сметал дека апликацијата треба да се разгледува само за членот 14 земен во врска со членот 2 од Протокол 4 од Конвенцијата.

## Оцена на Судот

Имајќи го предвид барањето за дискриминација поднесено од страна на апликантите во граѓанската постапка покрената против државата според Законот за дискриминација, Судот смета дека апликантите постапиле разумно со доставата на своите жалби до домашните власти и дека треба да бараат надоместок.

Судот наведува дека Владата не прикажува никаков доказ што ќе ги побие наводите на апликантите и дека тие не биле третирани поинаку поради нивната етничка припадност, или, пак, какви било аргументи што тврдат дека разликата во третманот е оправдана. Судот забележува дека домашните судови ги отфрлиле барањата за дискриминација на апликантите без да се осврнат на кој било од различните извештаи и судски одлуки на кои се потпирале апликантите и не дале никакво образложение зошто тие не биле веродостојни или релевантни. Оттука, државата не ја исполнила својата обврската за давање образложена судска одлука, што исто така претставува право заштитено со членот 6 од Конвенцијата.

Според Судот, домашните судови не го третирале товарот на докажување како да се префрли на властите за да ги побијат наводите на апликантите, и покрај фактот што властите имале информации што се во нивна ексклузивна сопственост во врска со патниците на кои им било дозволено да ја преминат границата или биле спречени да ја преминат границата под услови што биле исти или различни од оние што важат за апликантите. Наместо тоа, домашните судови

заклучиле дека апликантите не докажале дека лицата што не се Роми ја преминале границата под истите услови како апликантите, што се чини неразумен пристап и преголем товар на апликантите. Дополнително, Судот наведува дека мора да се прифати тоа што апликантката не можела да знае дали тие други лица се државјани на тужената држава.

Според Судот, ниту Владата, ниту домашните судови не дале објективно и разумно оправдување за различниот третман на кој биле подложени апликантите на границата. Судот заклучил дека сите апликанти биле дискриминирани поради нивното ромско потекло кога биле спречени да ја преминат државната граница.

### Одлука

Судот утврдил дека е направена повреда на членот 2 од Протокол 4 од Конвенцијата и членот 14 во врска со членот 2 од Протокол 4 од Конвенцијата, каде што се допуштени на првиот, вториот, третиот и четвртиот жалител, додека, пак, за петтиот жалител се недопуштени.

Тужената држава треба да им плати: 150 евра на првиот апликант и 180 евра на вториот апликант, плус секој данок што може да се наплати во однос на материјалната штета; 3 000 евра на првиот апликант; 4 100 евра на вториот апликант и 5 900 заедно на третиот и на четвртиот апликант, плус секој данок што може да се наплати во однос на нематеријалната штета; 2 350 евра на вториот апликант и 1 435 заедно на третиот и на четвртиот апликант, плус секој данок што може да им се наплати на апликантите во однос на трошоците и расходите.

# ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Институциите што ја направиле повредата на правата загарантирани со Конвенцијата имаат обврска за извршување на пресудите и одлуките на Судот. Откако пресудите на Судот ќе станат конечни, тие се доставуваат до Комитетот на министри, кој го надгледува нивното извршување од страна на државата, како и извршувањето на одлуките за пријателско спогодување помеѓу државата и апликантот. Комитетот не го следи извршувањето на одлуките донесени врз основа на унилатералните декларации со кои се признаваат повредите на Конвенцијата, меѓутоа доколку државата не ги реализира нејзините преземени обврски, апликантот има право да побара предметот да биде вратен на листата на предмети пред Судот.

Вкупно 25 пресуди и 8 одлуки се во тек на извршување и сѐ уште се под надзор на Комитетот на министри. Комитетот го врши надзорот под зајакната или стандардна процедура. Од вкупниот број пресуди и одлуки, 8 се под зајакнат надзор и 12 се под стандарден надзор, додека, пак, 13 се нови предмети и не е утврден видот на надзорот.[93] Пресудите од Судот се квалификуваат како водечки и повторувачки предмети. Од вкупниот број пресуди, 13 се водечки предмети[94] и 12 се повторувачки предмети[95].

93 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22]}

94 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22],%22EXECType%22:[%22L%22]}

95 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22],%22EXECType%22:[%22R%22]}

Во текот на 2023 година, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП има доставено 6 акциски планови и 4 акциски извештаи[96] до Комитетот на министри, во кои се предвидени индивидуалните и општите мерки што државата ги презела или планира да ги преземе со цел отстранување на настанатата повреда, како и спречување настанување исти или слични повреди во иднина.

| **Акциски планови се доставени за предметите:** | **Акциски извештаи се доставени за предметите:** |
| --- | --- |
| 1. **Димчевска против РСМ**<br>2. **Радика превози ДОО Љубљана против РСМ**<br>3. **Елмазова и други против РСМ**<br>4. **X против РСМ**[97]<br>5. **Китановски против РСМ** | 1. **Проданов против РСМ**<br>2. **Атанасов против РСМ**<br>3. **Јакимовски и Кари превоз против РСМ**<br>4. **Бајиќ против РСМ** |

Откако Комитетот ќе процени дека државата ги презела сите мерки за отстранување на повредата, како и спречување исти или слични повреди во иднина, носи финални резолуции со цел затворање на предметот. Во текот на 2023 година, Комитетот донел 3 финални резолуции.[98]

96 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22fulltext%22:[%222023%22],%22execdocumenttypecollection%22:[%22acp%22,%22acr%22],%22execstate%22:[%22MKD%22]}

97 За предметот X против РСМ во текот на 2023 година се доставени два акциски планови до Комитетот на министри.

98 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22res%22],%22execfinalresolutiondate%22:[%222023-01-01T00:00:00.0Z%22,%222023-12-31T00:00:00.0Z%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22]}